Službeni vesnik SR Makedonija
91001

2

# СЛУЖБЕ[...]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТ[...]ВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 19 октомври 1990

БЕЛГРАД

БРОЈ 61 ГОД. XLVI

Цена на овој број е 10 динари. – Претплатата за 1990 година изнесува 666 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756; Телефакс 651-482

**935.**

Врз основа на член 322 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на републиките и покраините од 19 октомври 1990 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Се објавува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:

- од Социјалистичка Репуиблика Босна и Херцеговина, Богиќ Богиќевиќ,
- од Социјалистичка Република Македонија, д-р Васил Тупурковски;
- од Социјалистичка Република Словенија, д-р Јанез Дрновшек;
- од Социјалистичка Република Србија, д-р Борисав Јовиќ;
- од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, д-р Драгутин Зелиновиќ;
- од Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Риза Сапунџиу;
- од Социјалистичка Република Хрватска, Стјепан Месиќ, и
- од Социјалистичка Република Црна Гора, Ненад Буќин.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 1232
19 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

| Претседател на Соборот на републиките и покраините | Претседател на Сојузниот собор |
|---|---|
| д-р **Миран Мејак**, с. р. | **Богдана–Глумац Леваков**, с. р. |

**936.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ЕДИНСТВЕНОТО МОНЕТАРНО РАБОТЕЊЕ НА НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Се прогласува Законот за привремени мерки за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година

П бр. 1132
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

### ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ЕДИНСТВЕНОТО МОНЕТАРНО РАБОТЕЊЕ НА НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Член 1

Во Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/89 и 88/89), во член 12 став 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „под условите што единствено за сите банки ќе ги утврди Народната банка на Југославија.".

Член 2

Во член 25 став 2 по точка 5 се додаваат точ. 6 и 7, кои гласат:

„6) благајничките записи на банките и на други издавачи;

7) комерцијалните записи.".

Член 3

Во член 66 став 1 по зборот: „банката" зборовите: „односно ја повлекува издадената дозвола, кога за тоа ќе се стекнат пропишаните услови" се бришат.

Член 4

Член 67 се менува и гласи:

„Врз основа на наодот од контролата од член 66 на овој закон, Народната банка на Југославија, народната банка на републиката и народната банка на автономната покраина ѝ предлага на банката односно на друга финансиска организација да ги спроведе следните активности:

1) да го зголеми износот на основачкиот фонд, на средствата на резервите и на посебната резерва за обезбедување од загуба;

2) да ги укине определени филијали и претставништва;

3) привремено да го запре кредитирањето на определени основачи, на лица со својство на основачи и на комитенти;

4) да го запре давањето на кредити во определен период;

5) да ги отпише побарувањата кога за тоа ќе се стекнат со закон утврдените услови;

6) да го запре пресметувањето и приписот на камати на активата со определен степен на наплативост;

7) да ги смени определени раководни работници;

8) да отстрани и други неправилности со преземање односно со запирање на определени активности.

Предлозите од став 1 на овој член и се доставуваат на банката односно на друга финансиска организација во писмена форма со определување на рокот за нивното прифаќање.

Доколку банката односно друга финансиска организација во рокот од став 2 на овој член не го прифати предлогот од тој став, гувернерот на Народната банка на Југославија, гувернерот на народната банка на републиката односно гувернерот на народната банка на автономната покраина донесува решение со кое ги изрекува, како мерка спрема банката односно спрема друга финансиска организација, активностите наведени во став 1 од овој член. Со ова решение се определува рокот за неговото спроведување.

Решението од став 3 на овој член е конечно во управната постапка.".

Член 5

По член 67 се додаваат нови чл. 67а и 67б, кои гласат:

„Член 67а

Ако Народната банка на Југославија, народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини, врз основа на извршената контрола оценат дека продолжувањето на работењето на банката односно на друга финансиска организација може понатаму да ја влоши нејзината финансиска состојба и да ја загрози можноста за нејзиното финансиско закрепнување, можат да донесат решение со кое се запираат сите видови на работење на банката односно на друга финансиска организација, освен исплатите по штедните влогови и тековните и девизните сметки на граѓаните, во траење од најмногу 15 дена, и определува работник на Народната банка на Југославија, на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина со посебни овластувања и одговорности кој ќе го контролира спроведувањето на ова решение.

Со решението од став 1 на овој член се утврдуваат и случаите во кои работникот на Народната банка на Југославија, на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина со посебни овластувања и одговорности може да му издава налози на работник на банката односно на друга финансиска организација.

Член 67б

Народната банка на Југославија ги пропишува минимумот на обемот, формата и содржината на програмата за економско-финансиска ревизија и на извештајот за економско-финансиската ревизија за банките и за други финансиски организации.

Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини можат од банките и од други финансиски организации да бараат да обезбедат и во определен рок да достават извештај за економско-финансиската ревизија на својата завршна сметка и работење.

Ако оцени дека извештајот од ств 2 на овој член не е во согласност со определените стандарди на ревизијата или со пропишаните обем, форма и содржина на извештајот за економско-финансиската ревизија за банките и за други финансиски организации, Народната банка на Југославија, народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини можат од банката односно од друга финансиска организација да бараат да обезбедат и во определен рок да им доставаат нов извештај, кој ќе го изработи друг овластен ревизор во согласност со сојузниот закон.".

Член 6

Во член 80 став 1 точка 25 по зборот: „издавањето" зборовите: „односно повлекувањето" се бришат.

По точка 25 се додаваат нови точ. 26 до 29, кои гласат:

„26) можноста и финансиската оправданост за санација на банката;

27) приговорот на банката против решението за поведување постапка за утврдување на условите за отворање постапка на стечај над банката;

28) пропишувањето на минимумот на обемот, формата и содржината на програмата за економско-финансиска ревизија и на извештајот за економско-финансиска ревизија за банките и за други финансиски организации;

29) други прашања и донесување на прописите што со сојузен закон и се ставени во надлежност на Народната банка на Југославија, освен ако за нивното донесување е овластен гувернерот на Народната банка на Југославија.".

Досегашните точ. 26 до 29 стануваат точ. 30 до 33.

Член 7

Во член 109 став 1 зборовите: „од 9,000.000 до 45.000.000" се заменуваат со зборовите: „од 200.000 до 400.000".

По точка 3 се додаваат точ. 4 и 5, кои гласат:

„4) ако не ги извршува налозите на Народната банка на Југославија, на народните банки на републиките односно на народните банки на автономните покраини од член 67 на овој закон;

5) ако по барање од Народната банка на Југославија, од народните банки на републиките односно од народните банки на автономните покраини не обезбедат во определениот рок извештај за економско-финансиската ревизија на својата завршна сметка и на своето работење (член 67б).".

Во став 2 зборовите: „од 500.000 до 2,500.000" се заменуваат со зборовите: „од 300 до 25.000".

Член 8

Во член 110, во уводната реченица, зборовите: „од 200.000 до 1,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 300 до 25.000", а зборот: „прекршок" – со зборовите: „стопански престап".

Во точка 2 зборовите: „(став 2 на член 58)" се заменуваат со зборовите: „(чл. 58, 61, 66 и 67)".

Член 9

По член 110 се додава член 110а, кој гласи:

„Член 110а

Со парична казна од 100 до 1000 динари ќе се казни за прекршок работникот на банката односно на друга финансиска организација кој не ќе го изврши налогот на работник на Народната банка на Југославија, на народната банка на републиката и на народната банка на автономната покраина (член 67а став 2).".

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**937.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА НА ОБВРСКИТЕ ПО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ КРЕДИТИ СПРЕМА СССР ШТО ВТАСАЛЕ ВО 1989 ГОДИНА И ШТО ВТАСУВААТ ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ

Се прогласува Законот за привремена мерка за предвремена отплата на обврските по комерцијалните кредити спрема СССР што втасале во 1989 година и што втасуваат во наредните години, што го усвои Собранието на СФРЈ

на седницата на Соборот на републиките и покраините од 8 октомври 1990 година.

П бр. 1281
8 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА НА ОБВРСКИТЕ ПО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ КРЕДИТИ СПРЕМА СССР, ШТО ВТАСАЛЕ ВО 1989 ГОДИНА И ШТО ВТАСУВААТ ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ

Член 1

Народна банка на Југославија ќе изврши предвремена отплата на обврските по комерцијалните кредити спрема СССР што втасале во 1989 година и што втасуваат во наредните години, за кредитите утврдени со Протоколот помеѓу Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Владата на Сојузот на Советските Социјалистички Републики, потпишан на 1 јули 1990 година.

Член 2

Народнта банка на Југославија ќе склучи договори со банките овластени за работи со странство, што ги следат крајните корисници на кредитите, со кои ќе се регулираат роковите за отплата и сите услови за отплата на кредитите спрема Народната банка на Југославија, еднакви на сегашните услови за извршување на обврските спрема СССР.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, за претпријатијата на црната металургија и претпријатијата за производство и вадење на јаглен, се утврдува „grace" период за полагање на динарска противвредност во Народната банка на Југославија до 31 декември 1991 година. Истовремено, ќе се утврди нов амортизационен план за полагање на динари во Народната банка на Југославија, со тоа што исплатените обврски од „grace" периодот да се распоредат на еднакви делови до крајот на отплатниот период. Отплатниот период не може да биде пократок од три години од истекот на „grace" периодот.

Договорот од став 1 на овој член од името на Народната банка на Југославија го потпишува гувернерот на Народната банка на Југославија.

Член 3

Банките овластени за работи со странство ќе положат динарска противвредност на платената обврска спрема Народната банка на Југославија во роковите предвидени со договорт од член 2 на овој закон, по курсот на денот на намирувањето на обврската на тие банки спрема Народната банка на Југославија.

Член 4

Претпријатието - краен корисник на кредитот може своите обврски спрема Народната банка на Југославија за отплатите што втасале во 1989 година и што втасуваат во наредните години по основ на главницата и каматата да ги намири преку својата банка и пред рокот предвиден со договорот од член 2 на овој закон.

Член 5

Ако втасаната обврска по кредитот од член 3 на овој закон не се намири навреме, Народната банка на Југославија ќе постапи во согласност со Законот за начинот и условите за извршување на обврсите по кредитите од меѓународни финансиски организации за кои федерацијата дала гаранција или супергаранција и по кредитете од меѓудржавни спогодби („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), без оглед на тоа што во овој случај Народната банка на Југославија ја извршила обврската по кредитот спрема странство.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот на влегувањето во сила на Законот за ратификација на Протоколот помеѓу Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Владата на Сојузот на Советските Социјалистички Републики.

---

**938.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена мерка за измени на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1250
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 88/89) во член 1 износот: „75.316,820.400" се заменува со износот: „97.542,400.000".

Член 2

Во член 2 износот: „69.384,820.400" се заменува со износот: „91.610,400.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**939.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАЕДНИЧКАТА ДЕВИЗНА ПОЛИТИКА И ЗА ПРОЕКЦИЈАТА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремени мерки за заедничката девизна политика и за Проекцијата на платниот

биланс на Југославија за 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1284
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с.р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАЕДНИЧКАТА ДЕВИЗНА ПОЛИТИКА И ЗА ПРОЕКЦИЈАТА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со заедничката девизна политика ќе се обезбедат услови за остварување на целите и задачите утврдени во Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1990 година.

Посебна заштита на домашното земјоделско-прехранбено производство ќе се обезбеди со подоследна примена на сите инструменти за заштита. Утврдување на дополнителни контингенти за увоз на клучни земјоделско-прехранбени производи, при ослободување на тој увоз од плаќањето увозни давачки, во оваа година, ќе се врши само во исклучителни случаи ако дојде до нарушување на односите на понудата и побарувачката на пазарот и до неповолен однос во растежот на цените.

Заради унапредување на економските односи со странство и поголемо вклучување во меѓународната поделба на трудот, ќе се преземаат мерки и активности во рамките на политиката на курсот на динарот, политиката на поврат на царините и вонцаринските давачки, поттикнување и унапредување на извозот, политиката на увоз и заштита на домашното производство и пазарот, политиката на кредитните односи со странство и политиката на девизните резерви.

Член 2

Во 1990 година ќе се спроведува политиката на стабилен реален курс на динарот спрема конвертибилните валути. Во 1990 година курсот на динарот спрема германската марка ќе биде фиксиран во износ од седум динари за една германска марка. Спрема другите валути динарот флуктуира заедно со германската марка.

Курсот на динарот за пресметковен долар во 1990 година ќе се формира според вредноста на САД долар.

Член 3

Во 1990 година ќе се води политика на поттикнување на извозот, со олеснениja и со ослободување од плаќањето царина и други увозни давачки, со поврат на платените царина и други увозни давачки, со посебно поттикнување на извозот на земјоделско-прехранбени производи и со обезбедување средства за општа стопанска и општа туристичка пропаганда.

Претпријатијата што остваруваат девизен прилив од најмалку 3 милиони САД долари можат да се определат повратот на царините и увозните давачки да им се пресметува по ефективен или објективизиран систем на поврати.

Курсот на динарот ќе биде основен фактор за одржување на конкурентноста на извозот, со кој се обезбедува остварување на целите планирани со Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1990 година.

Ќе се продолжи посебното поттикнување на извозот на земјоделско-прехранбени производи.

Ќе се обезбедат средства за туристичко-информативна пропагандна дејност спрема странство и за реализација на програмите на активности за промоција на новите системски решенија, а посебно можностите за странски вложувања во југословенското стопанство.

Член 4

Во 1990 година ќе се изврши либерализација на увозот со натамошно намалување на вредноста на увозот и на бројот на стоките што се увезуваат врз основа на контингент, како и со намалување на бројот на стоките распоредени на формата на регионална согласност кај увозот, при едновремено воведување на други заштитни мерки на страната на увозот (антидампинг, атест, гаранции и др.) вообичаени кај земјите со пазарно стопанисување.

Ќе се воведе нов систем на заштита на домашното производство и пазарот, со користење на целосен инструментариум за заштита.

Член 5

Паралелно со ревизијата на царинската тарифа, со значително намалување на исклучоците од плаќање царина и увозни давачки и со промени во даночниот систем, постапно ќе се намалува бројот и нивото на увозните давачки на увозот наменет за производство за извоз.

Член 6

Во 1990 година ќе се плаќа извозот на стоки и услуги на клириншкото подрачје кој е во рамките на количеството и вредностите утврдени со стоковните листи, и тоа до износот на средствата уплатени за извршениот увоз и во согласност со редоследот на втасаните наплати на извозот. За извозот надвор од количествата и вредностите по стоковните листи, извозниците со своите партнери ќе го договараат начинот на плаќање и се обезбедуваат од ризикот на наплата.

Во работењето со клирингот ажурно ќе се следат промените до кои доаѓа со земјите со кои имаме склучена клириншка спогодба за плаќање и ќе се реагира со измени во начинот на плаќањето, ако тоа произлегува од тие промени.

Во 1990 година ќе се преземат мерки за намалување на побарувачкото салдо со СССР, а посебно:

1) превремена отплата на кредитите чиишто рокови втасуваат во 1990 година и во наредните години;

2) користење на средствата од побарувачкото салдо за превремен откуп на долгот спрема конвертибилното подрачје;

3) ангажирање на СССР во изградбата и проширувањето на гасоводната мержа во Југославија, изградбата на хидроенергетски и други инвестициони објекти во Југославија;

4) претворање на дел од позитивното салдо во заеднички вложувања на југословенски претпријатија со претпријатија од СССР заради производство и испорака на стоки за кои Југославија е трајно заинтересирана;

5) увоз на опрема од СССР надвор од стоковните листи врз товар на побарувачкото салдо, што корисниците би ја отплатувале на Народната банка на Југославија;

6) одложено полагање на динари за увоз на определени стоки од СССР со рок од 30 односно 60 дена од денот на извршувањето на увозот според списокот и до износот што ќе го утврди Сојузниот извршен совет.

Член 7

Побарувачкото салдо на клириншките сметки на Народната банка на Југославија на 31. 12. 1989 година ќе се намалува со посебни мерки и нема да влијае врз исплатата на динарската противвредност на извозниците по основ на тековната размена со овие земји.

Член 8

Покрај поттикнувањето на странските вложувања со ослободување од плаќањето царини и други увозни давачки на увозот на опрема, ако увезената опрема претставува влог на странското лице или се набавува од средствата на странското лице, ќе се воведуваат и други мерки за поттикнување на странските вложувања.

Заради поттикнување на странските лица да вложуваат и да реинвестираат во Југославија, републиките и автономните покраини ќе донесат минимум единствени мерки за даночни олеснениja во почетниот период на работата, како и олеснениja во оданочувањето на средствата што странските лица ги реинвестираат или ги депонираат во Југославија.

Член 9

Политиката на кредитните односи со странство ќе се заснова врз запирањето на процесот на нето одливот на

капиталот и зголемување на долгот спрема конвертибилното подрачје, со продолжување на рефинансирањето на дел од обврските спрема владите и комерцијалните банки на западните земји. Истовремено, рефинансираните кредити предвремено ќе се отплатуваат и тоа пред се по основ на заеднички вложувања, замена и продажба на побарувањата и долговите спрема одделни земји и замена на клириншките побарувања.

Обемот на краткорочното задолжување во 1990 година ќе се намали за 396 милиони САД долари.

Степенот на надворешната задолженост на земјата ќе изнесува 14,9% од девизните приходи планирани во 1990 година.

### Член 10

Достигнатото ниво на девизните резерви ќе овозможи ликвидно извршување на сите обврски спрема странство, како и унапредување на работата на единствениот девизен пазар.

### Член 11

Политиката на економските односи со странство за 1990 година тргнува од претпоставката дека општествениот производ ќе се намали за 6%, а индустриското производство за 8% и ги утврдува следниве цели:

1) растеж на извозот на стоки и услуги од 10,3%, од што на конвертибилното подрачје 15,9%, а на клириншкото подрачје намалување од 14,8% и растеж на увозот на стоки и услуги од 30,7%, од што од конвертибилното подрајче 41,6%, а од клириншкото - 17,2%;

2) врз основа на предвидениот извоз и увоз на стоки и услуги, а земајќи ги предвид нето дознаките и каматите, во вкупниот тековен платен биланс се предвидува суфицит од 1.304 милиони САД долари, од што:

- суфицит на конвертибилното подрачје од 874 милиони САД долари;

- суфицит на клириншкото подрајче од 430 милиони пресметковни долари;

3) зголемување на долгот на конвертибилното подрачје по основ на редовно користење и отплата на среднорочните и долгорочните кредити за 86 милиони САД долари;

4) намалување на краткорочниот долг за 396 милиони САД долари;

5) во рамките на користењето на финансиските кредити од конвертибилното подрачје се предвидува повлекување на 85 милиони САД долари од Меѓународниот монетарен фонд, 150 милиони САД долари од Светската банка и 331 милион САД долари од другите меѓународни организации;

6) користењето на стоковни кредити од конвертибилното подрачје се предвидува во височина од 1.058 милиони САД долари (454 милиони САД долари за увоз на опрема и 604 милиони САД долари за увоз на репродукционен материјал);

7) рефинансирање на дел од обврските на главницата на долгот по основ на отплата на среднорочните и долгорочните кредити во височина од 1.458 милиони САД долари, при што на име главницата на долгот ефективно ќе бидат отплатени 1.710 милиони САД долари и на име каматата 1.600 милиони САД долари, во конвертибилни девизи;

8) за отплата на дел од ануитетите по среднорочните и долгорочните странски заеми и кредити (ефективно платени главници и ефективно платени камати) во конвертибилни девизи ќе се ангажираат 14,8% од тековниот девизен приход предвиден во Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1990 година, при што дознаките на работниците се сметани во нето износ, а остатокот на втасаните обврски ќе се рефинансира;

9) на клириншкото подрачје побарувањата ќе се намалат за 810 милиони пресметковни долари, од што 650 милиони по основ на предвремена отплата на кредитите спрема СССР;

10) конвертибилните девизни резерви ќе се одржат на ниво на четиримесечните тековни плаќања во конвертибилни девизи спрема странство;

11) за потребите за поврат на царинските, увозните и даночните давачки, како и за потребите за поттикнување и на извозното стопанство, ќе се обезбедат 7.544,6 милиони динари, за потребите на општата туристичка и информативна пропаганда 172,3 милиони динари и за потребите на општата стопанска пропаганда - 63,5 милиони динари;

12) врз основа на посебна програма, Сојузниот извршен совет ќе преземе мерки за намалување на побарувачкото салдо во размената со одделни земји во развој.

### Член 12

Тргнувајќи од целите што се претходно предвидени, се утврдува:

## А. ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1990 ГОДИНА

(во милиони САД долари по тековниот курс)

| | 1990 | | |
|---|---|---|---|
| Ставки | Вкупно | Конверт. | Клиринг |
| I. ТЕКОВНИ ТРАНСАКЦИИ - САЛДО (6 - 7) | 1304 | 874 | 430 |
| 1. Салдо на стоковната размена (1.1. - 1.2.) | -3760 | -3880 | 120 |
| 1.1. Извоз на стоки | 14870 | 12270 | 2600 |
| 1.2. Увоз на стоки | -18630 | -16150 | -2480 |
| 1.2.1. Репродукција | -11854 | -9703 | -2151 |
| 1.2.2. Опрема | -2631 | -2520 | -111 |
| 1.2.3. Стоки за широка потрошувачка | -4145 | -3927 | -218 |
| 2. Салдо на услугите (2.1. - 2.2.) | 2889 | 2544 | 345 |
| 2.1. Приходи | 6550 | 6080 | 470 |
| 2.1.1. Туризам | 2660 | 2535 | 125 |
| 2.1.2. Сообраќај | 2335 | 2185 | 150 |
| 2.1.3. Инвестициони работи | 245 | 200 | 45 |
| 2.1.4. Застапничка провизија | 248 | 223 | 25 |
| 2.1.5. Доработка и преработка на стоки | 585 | 500 | 85 |
| 2.1.6. Друго | 477 | 437 | 40 |
| 2.2. Расходи | -3661 | -3536 | -125 |
| 2.2.1. Сообраќај | -1350 | -1310 | -40 |
| 2.2.5. Друго | -2311 | -2226 | -85 |
| 3. Салдо на стоките и услугите (3.1. - 3.2.) | -871 | -1336 | 465 |
| 3.1. Извоз на стоки и услуги | 21420 | 18350 | 3070 |
| 3.2. Увоз на стоки и услуги | -22291 | -19686 | -2605 |
| 4. Салдо на дознаките (4.1. - 4.2.) | 3105 | 3080 | 25 |
| 4.1. Прилив - дознаки на работниците и иселениците | 10925 | 10900 | 25 |
| 4.2. Одлив - подигната ефектива од девизните сметки на граѓаните | -7820 | -7820 | |
| 5. Салдо на каматите (5.1. - 5.2.) | -930 | -870 | -60 |
| 5.1. Наплатени камати | 740 | 730 | 10 |
| 5.2. Платени | -1670 | -1600 | -70 |
| 5.2.1. Ефективно платени камати | -1670 | -1600 | -70 |
| 5.2.2. Рефинансирани камати | | | |
| 6. Вкупни приходи | 33085 | 29980 | 3105 |
| 7. Вкупни расходи | -31781 | -29106 | -2675 |
| II. КРЕДИТНО-ФИНАНСИСКИ ТРАНСАКЦИИ - САЛДО | 811 | 1584 | -773 |
| 1. Користење на среднорочни и долгорочни заеми и кредити | 3182 | 3082 | 100 |
| 1.1. Финансиски | 2024 | 2024 | |
| 1.1.1. Готовински средства | 566 | 566 | |

| Ставки | 1990 Вкупно | Конверт | Клиринг |
|---|---|---|---|
| 1.1.1.1. MMF | 85 | 85 | |
| 1.1.1.2IBRD и други меѓународни финансиски организации | 481 | 481 | |
| 1.1.2. Кредити за рефинансирање | 1458 | 1458 | |
| 1.1.2.1. Од влади | 398 | 398 | |
| 1.1.2.2Од комерцијални банки | 1060 | 1060 | |
| 1.1.2.3Рефинансирање на каматите | | | |
| 1.2. Кредити за опрема (во тоа IBRD): | 537 | 454 | 83 |
| 1.3. Кредити за репродукција | 621 | 604 | 17 |
| 2. Комерцијални кредити | 1000 | 1000 | |
| 3. Отплати на главницата на долгот по среднорочни и долгорочни заеми и кредити | -4086 | -3168 | -918 |
| 3.1. Готовински плаќања | -2628 | -1710 | -918 |
| 3.2. Рефинансирање | -1458 | -1458 | |
| 3.2.1. Спрема Влади | -398 | -398 | |
| 3.2.2. Спрема комерцијални банки | -1060 | -1060 | |
| 3.3. Отплати по кредитот за премостување | | | |
| 4. Краткорочни кредити и депозити - нето | -396 | -396 | |
| 5. Аванси по основ на изведување инвест. работи | 186 | 166 | 20 |
| 6. Кредитирање на странство - салдо | 175 | 150 | 25 |
| 6.1. Кредити дадени на странство | | | |
| 6.2. Наплати по дадени кредити | | | |
| 7. Аванси по основ на извозот на стоки и услуги | 750 | 750 | |
| III. ПРЕОДНИ ПОЗИЦИИ (ДРУГО) | 947 | 1414 | -467 |
| IV. ПРОМЕНИ НА ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ | 3062 | 3872 | -810 |
| 1. Конвертибилни девизи | 3872 | 3872 | |
| 2. Клириншки средства | -810 | | -810 |

## Г. ПЛАН НА ПРИЛИВОТ И ОДЛИВОТ НА ДЕВИЗИ СО КОИ РАКУВА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1990 ГОДИНА

(Износи во милиони САД долари)

| ОСНОВ | План за 1990 |
|---|---|
| I. ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ | |
| 1. Ефектива од менувачки работи | 2.382 |
| 2. Девизи од бензински бонови продадени | 100 |
| - во земјата | (80) |
| - во странство | (20) |
| 3. Динарски чекови продадени на НБЈ | - |
| 4. Продажба на динарски банкноти во странство | 45 |
| 5. Прилив по основ на поштенски упатници | 160 |
| 6. Камати на девизните резерви | 500 |
| 7. Депонирање на девизното штедење | - |
| 8. Зголемување на девизните резерви по основ на меѓувалутни односи | - |
| 9. Користење на кредити од странство: | 566 |
| - MMF | (85) |
| - Комерцијални банки | - |
| - Влади | - |
| - Краткорочни кредити и депозити | - |
| - Светска банка и други меѓународни организации | (481) |
| 10. Прилив на сојузните органи и организации | 80 |
| 11. Прилив по основ на тековно работење на СДПР (преку Воениот сервис) | 650 |
| 12. Купување на девизи на девизниот пазар | 2.300 |
| Вкупно: | 6.783 |
| Зголемување на девизните резерви кај Народната банка на Југославија | 3.577 |
| II. ДЕВИЗЕН ОДЛИВ | |
| 1. Ануитети по странски кредити | 466 |
| - MMF | (409) |
| - други средноroч. и долгороч. кредити | (22) |
| - краткорочни кредити (нето) | (35) |
| - кредити за премостување | - |
| 2. Девизен одлив за плаќање на сојузните органи и организации | 830 |
| - стоковен и нестоковен план на ЈНА | (452) |
| - други сојузни органи и организации | (378) |
| 3. Одлив по основ на тековно работење на СДПР (преку Воениот сервис) | 350 |
| 4. Повлекување на девизи на граѓаните | 660 |
| 5. Продажба заради задоволување на побарувачката на девизниот пазар | 900 |
| 6. Намалување на девизните резерви по основ на промена на меѓународните односи | - |
| Вкупно: | 3.206 |

## Д. ПОДБИЛАНСНИ СТАВКИ НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА

- во милиони САД долари по тековниот курс -

1. Стоковна размена по режими

| Реден број | Ставки | Вкупно | Конвертибилно подрачје | Клириншко подрачје |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Обем на увозот и плаќањето на стоки по форми и намени | 18630 | 16150 | 2480 |
| | 1.1. ЛБ. - Вкупно | 16390 | 14310 | 2080 |
| | 1.2. Д и К (дозволи и контингенти) - Вкупно | 2240 | 1840 | 400 |
| | - Во тоа новоосновани претпријатија | 102 | 102 | - |

Член 13

За потребите на искажување на правата на увоз и плаќање, на користење на утврдените права на увоз и плаќање, како и за потребите на статистиката, ќе се применува девизната курсна листа формирана на 31 декември 1989 година.

Член 14

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Законот за привремени мерки за заедничката девизна политика и за Проекцијата на платниот биланс на 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 85/89).

Член 15

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**940.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА ОСНОВАЧКИОТ ВЛОГ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА БАНКА ЗА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА

Се прогласува Законот за привремена мерка за измени на Законот за обезбедување средства на основачкиот влог на федерацијата во Југословенската банка за меѓународна економска соработка, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1090
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА ОСНОВАЧКИОТ ВЛОГ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА БАНКА ЗА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА

Член 1

Во Законот за обезбедување средства на основачкиот влог на федерацијата во Југословенската банка за меѓународна економска соработка („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/89 и 21/90) во член 1 бројот: „410,200.000" се заменува со бројот: „902,400.000", а бројот: „390,200.000" се заменува со бројот: „882,400.000".

Член 2

Во член 2 став 2 бројот: „390.200.000" се заменува со бројот: „882,400.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**941.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА РЕГРЕС НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Се прогласува Законот за привремени мерки за регрес на дел од каматата на кредитите што се користат за определени намени во земјоделството, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1192
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА РЕГРЕС НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Член 1

Со овој закон се утврдува правото на регрес на дел од каматата на кредитите што се користат за определени намени во земјоделството (во натамошниот текст: правото на регрес) и начинот на обезбедување и користење на тие средства.

Член 2

Правото на регрес се остварува на кредитите што банките им ги одобруваат на корисниците на кредити за определени намени во земјоделството, и тоа:

1) за производство на пченица, пченка, шеќерна репка, маслодајни култури, оризова арпа, тутун и вештачки ѓубрива;

2) за гоење на добиток (говеда, свињи и овци), гоење на живина и риби, за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи, овци и живина) и за производство на млеко;

3) за залихи на пченица, пченка, шеќерна репка и шеќер, маслодајни култури и сурово масло, оризова арпа и ориз, тутун и вештачки ѓубрива;

4) за резерви на пченица, пченка, шеќер, сурово масло, ориз, тутун, месо и млеко во прав;

5) за залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилници, вино во винарските подруми, млечни преработки (вклучувајќи и млеко во прав) и месо во ладилници.

Член 3

Под корисници на кредити, во смисла на член 2 од овој закон, се подразбираат:

1) претпријатија, дуќани, задруги, земјоделски стопанства, индивидуални земјоделски производители и други форми на здружување на земјоделските производители – за производство на пченица, пченка, шеќерна репка, маслодајни култури, оризова арпа и тутун, за гоење на добиток (говеда, свињи и овци), гоење на живина и риби и за производство на млеко;

2) претпријатија – за производство и залихи на вештачки ѓубрива;

3) претпријатија, задруги, земјоделски стопанства и индивидуални земјоделски производители – за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи, овци и живина);

4) претпријатија и задруги кои во својот состав имаат капацитети за складирање, преработка и доработка на пченица – за залихи на пченица;

5) претпријатија и задруги што се занимаваат со одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи, овци и живина), со гоење на добиток (говеда, свињи и овци), живина и риби, како и со индустриска преработка односно доработка на пченка – за залихи на пченка;

6) претпријатија што се занимаваат со преработка односно доработка и со промет на големо – за залихи на шеќерна репка и шеќер, маслодајни култури, сурово масло, оризова арпа и ориз и тутун;

7) организации за стоковни резерви на општествено-политичките заедници – за резерви на пченица, пченка, шеќер, сурово масло, ориз, тутун, месо и млеко во прав;

8) претпријатија и задруги што се занимаваат со производство и претпријатија што се занимаваат со промет на производи на големо – за залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилници;

9) претпријатија и задруги што се занимаваат со производство на вино – за залихи на вино во винарските подруми;

10) претпријатија, задруги и дуќани што се занимаваат со преработка на млеко во млечни производи – за залихи на млечни производи, вклучувајќи и млеко во прав;

11) претпријатија на кланичната индустрија и претпријатија што се занимаваат со промет на месо на големо – за залихи на месо во ладилници.

Член 4

Височината на регресот се утврдува во процент од износот на каматата пресметана по есконтната стапка на Народната банка на Југославија на износот на кредитите користени за намените од член 2 на овој закон, и тоа:

1) за намените од точ. 1 и 2 – во височина од 65%;
2) за намените од точка 3 – во височина од 47%;
3) за намените од точка 4 – во височина од 40%;
4) за намените од точка 5 – во височина од 30%.

Член 5

Корисниците на кредитите од член 3 на овој закон поднесуваат барање за регрес, со пресметка и со потребната документација, до службата на општественото книговодство кај која се води нивната жиро-сметка, а другите корисници на кредити од тој член што немаат жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство – до службата на општественото книговодство според живеалиштето односно седиштето.

Член 6

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, ќе ги пропише постапката, начинот и потребната документација за остварување на правото на регрес од член 4 на овој закон.

Член 7

Службата на општественото книговодство кај која се води сметката на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, врз основа на барањето на корисникот на кредитот од член 5 на овој закон, ќе изврши исплата на регресот веднаш кога ќе утврди дека се исполнети сите услови за остварување на правото на регрес, врз товар на таа сметка.

Член 8

Корисниците на кредити што, во смисла на член 2 од овој закон, ќе остварат право на регрес за производството договорено со индивидуалните земјоделски производители по основ на кое користат кредити кај банките се должни средствата остварени по основ на регресот на дел од каматата да им ги дозначат на индивидуалните земјоделски производители најдоцна во рок од три дена од денот на наплатата од сметката на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството.

Член 9

Средствата за регрес на дел од каматата ќе се обезбедат секоја година во буџетот на федерацијата.

Височината на средствата од став 1 на овој член ја утврдува Собранието на СФРЈ со своја одлука, секоја година.

Член 10

Правото на регрес утврдено со овој закон се остварува на кредитите што се користат од 1 јануари 1990 година.

Член 11

Со парична казна од 45.000 до 450.000 динари ќе се казни за стопански престап корисникот на кредитот од чл. 3 и 8 на овој закон ако го оствари регресот врз товар на средствата за регрес на кој немал право според одредбите на овој закон.

Со парична казна од 45.000 до 450.000 динари ќе се казни за стопански престап корисникот на кредитот кој во рокот од член 8 на овој закон остварените средства по основ на регресот на дел од каматата нема да му ги дозначи на индивидуалниот земјоделски производител.

За дејствието од ст. 1 и 2 на овој член ќе се казни и одговорното лице на корисникот на кредитот со парична казна од 2.500 до 25.000 динари.

Член 12

Со парична казна од 1.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок поединец – индивидуален земјоделски производител ако оствари регрес врз товар на средствата за регрес на кој немал право според одредбите на овој закон.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

По исклучок од одредбата на став 2 од член 9 на овој закон, за регрес на дел од каматата во Буџетот на федерацијата за 1990 година се обезбедуваат средства во износ од 2.391.200.000 динари.

Член 14

Во износот од член 13 се засметани и средствата во износ од 930.000.000 динари, што се користат за намирување на обврските по основ на регресот на дел од каматата на кредитите користени согласно со Законот за привремени мерки за регрес на дел од каматата на кредитите што се користат во 1989 година за намените во рамките на селективната програма во земјоделството („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/89).

По исклучок од одредбата на член 10, корисниците на кредити можат да остварат право на регрес на дел од каматата по кредитите користени од 15 јули до 31 декември 1989 година по барањата што се поднесени во согласност со член 5 на овој закон, најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето на овој закон во сила.

Член 15

Непотрошените средства од член 14 на овој закон ќе се пренесат во буџетот на федерацијата за 1990 година и ќе се користат за намените утврдени со овој закон.

Член 16

Право на регрес остваруваат и корисниците на кредите од член 3 на овој закон на кои им е извршено претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити, согласно со Законот за привремени мерки за претворање на дел од краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/90).

Член 17

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Законот за привремени мерки за регрес на дел од каматата на кредитите што се користат за приоритетни намени во земјоделството („Службен лист на СФРЈ", бр. 85/89).

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**942.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА РЕГРЕСОТ ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена мерка за дополнение на Одлуката за утврдување на височината на регресот за вештачка ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1279
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА РЕГРЕСОТ ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на височината на регресот за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/89) во точката 1 се додава став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, регресот за квалитетно сортно семе на производите што се сеат во есенската сеидба изнесува 20% од продажните цени што важат на 30 септември 1990 година.".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен лист на СФРЈ".

943.

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА РАСХОДИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремени мерки за измена на Одлуката за претсметката на расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1283
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА РАСХОДИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за претсметката на расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 83/89) точката 1 се менува и гласи:

„1. Претсметката на расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1990 година се утврдува во износ од 3.940 мил. динари, и тоа за:

| | | во милиони динари |
|---|---|---|
| 1 | делумно покритие на реализираните курсни разлики по странските конвертирани кредити | 1.050 |
| 2) | делумно покритие на реализираните курсни разлики по странските стоковни кредити | 700 |
| 3) | покритие на курсните разлики по странските кредити користени за изградба на објектот „Фени" - Кавадарци | 280 |
| 4) | покритие на курсните разлики по конвенциските девизни обврски на Заедницата на југословенските железници | 100 |
| 5) | покритие на курсните разлики на Југословенскиот нафтовод | 110 |
| 6) | покритие на курсните разлики по ненамирените обврски од 1989 година | 1.700"." |

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

944.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремени мерки за измени и дополненија на Одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1280
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 83/89) во точка 3 процентот: „7" се заменува со процентот: „19,5".

Во точка 9, која станува точка 10, по зборовите: „во согласност" се додаваат зборовите: „со движењето на цените на мало и".

Точка 10 станува точка 9.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**945.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за сметководството, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1261
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО

Член 1

Во Законот за сметководството („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/89, 35/89, 3/90 и 42/90) во член 28 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Износот на даноците и придонесите од резултатите не може во збирот да се пресметува во износ поголем од добивката. Ако вкупниот износ на сите даноци и придонеси од резултатите, без оглед на основицата за нивното пресметување, биде поголем од износот на добивката, даноците и придонесите сразмерно ќе се намалуваат додека не се изедначат во збирот со износот на утврдената добивка.".

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 4 и 5.

Член 2

Во член 98 став 1 по зборот: „1989", на обете места се додава запирка, зборот: „и„ се брише, а по зборот: „1990", на обете места се додаваат зборовите: „и 1991".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувњето во „Службен лист на СФРЈ".

**946.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за финансиското работење, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1260
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за финансиското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/89, 26/89, 35/89, 58/89 и 79/89) по член 30 се додава нов член 30а, кој гласи:

„Член 30а

По исклучок од одредбата на член 24 став 3 од овој закон, правно лице не е должно да поведе стечајна постапка ако непокриената загуба по годишната пресметка над 50% од трајните извори е настаната поради исправка на вредноста на побарувањата од земјите кај кои наплатата е оневозможена или отежната и поради елементарни незгоди.

Сојузниот извршен совет ги определува земјите од кои наплатата на побарувањата е оневозможена или отежната.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина определува кои правни лица претрпеле штета од елементарни незгоди.".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**947.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за претпријатијата, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1259
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Член 1

Во Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/88, 40/89 и 46/90) во член 74 зборовите: „односно од работоводниот одбор" се бришат, а зборовите: „директорот односно работоводниот одбор е должен" се заменуваат со зборовите: „директорот е должен".

Член 2

За член 127 точка 4 зборовите: „односно на претседателот и на членовите на работоводниот одбор" се бришат.

Член 3

Во член 169 ст. 1 и 2 зборовите: „односно претседателот на работоводниот одбор" се бришат.

Член 4

По член 178 се додаваат нови чл. 178а и 178б, кои гласат:

„Член 178а

Претпријатието, во согласност со својот акт, го склучува договорот за условите под кои директорот, како и другите работници, додека се во работен однос, а најдолго две години по престанувањето на работниот однос во тоа претпријатие, не можат да основаат претпријатие кое со вршењето на дејноста би можело да му предизвика штета на претпријатието.

Ако лицата од став 1 на овој член постапат спротивно на условите определени со актот на претпријатието, претпријатието има право пред надлежниот суд да бара надомест на настанатата штета и право на поднесување тужба за бришење од судскиот регистар на дејноста чие вршење ја предизвикало штетата.

Член 178б

Одредбите на член 178а сообразно се применуваат и на основањето на дуќани, ако е тоа определено со закон.".

Член 5

Чл. 185а до 185в се бришат.

Член 6

Во член 196в зборовите: „во мешовита сопственост" се заменуваат со зборовите: „од член 2 на овој закон".

Член 7

По член 196в се додаваат нови чл. 196г до 196е, кои гласат:

„Член 196г

Постојните сложени форми на здружување односно организирање се должни да се организираат во согласност со одредбите на овој закон до 30 јуни 1991 година.

Член 196д

Општествените претпријатија кои имаат деловоден одбор се должни своите општи акти да ги усогласат со одредбите на овој закон за работоводниот орган и да именуваат директор на општественото претпријатие најдоцна до 30 јуни 1991 година.

Ако директорот на општественото претпријатие не биде именуван во рокот од став 1 на овој член, работничкиот совет на општественото претпријатие ќе именува вршител на должноста.

Член 196ѓ

Ако постапката против постојните претпријатија и дуќани, како и постапката против лицата од член 185в на Законот за измени и дополненија на Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/90), е во тек, ќе се оконча според одредбите на овој закон.

Член 196е

Претпријатијата се должни своите акти да ги усогласат со одредбите на член 178а од овој закон најдоцна до 30 јуни 1990 година.".

Член 8

Досегашниот член 196г станува член 196ж.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**948.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРГАРАНЦИЈА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ОБВРСКИТЕ НА БЕЛГРАДСКА БАНКА А. Д., БЕЛГРАД, КАКО ГАРАНТ ПО VII ЗАЕМ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ДЕЛНИЦАТА НА АВТОПАТОТ НА „БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО" ДОБАНОВЦИ - БУБАЊ ПОТОК

Се прогласува Законот за супергаранција на федерацијата за обврските на Белградска банка а. д., Белград, како гарант по VII заем од Европската инвестициона банка за делумно финансирање на изградбата на делницата на Автопатот на „Братството и единството" Добановци - Бубањ Поток, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 18 октомври 1990. година.

П бр. 1282
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА СУПЕРГАРАНЦИЈА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ОБВРСКИТЕ НА БЕЛГРАДСКА БАНКА А. Д., БЕЛГРАД, КАКО ГАРАНТ ПО VII ЗАЕМ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ДЕЛНИЦАТА НА АВТОПАТОТ НА „БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО" ДОБАНОВЦИ - БУБАЊ ПОТОК

Член 1

Федерацијата презема обврска, како супергарант, да ги намири обврските на Белградска банка А. Д., Белград, како гарант според Договорот за заем помеѓу Европската инвестициона банка и Општествениот фонд за магистрални и регионални патишта на Србија за делумно финансирање на изградбата на делницата на Автопатот на „Братството и единството" Добановци - Бубањ Поток, во износ од 100 милиони европски пресметковци единици (XBA) односно во динарска противвредност од 1.450,000.000 динари, зголемена за износот на договорената камата и за трошоците на заемот.

Динарската противвредност од став 1 на овој член ќе се зголеми односно ќе се намали зависно од промената на курсот на европската пресметковна единица (XBA) во однос на курсот на динарот.

Член 2

Федерацијата ќе ги изврши обврските од член 1 на овој закон според одредбите на Законот за начинот и усло-

вите за извршување на обврските по кредитите од меѓународни финансиски организации за кои федерацијата дала гаранција или супергаранција и по кредитите од меѓудржавни спогодби („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**949.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНЕНИЈАТА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените и дополненијата на Буџетот на федерацијата за 1990 година, што ги усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 18 октомври 1990 година.

П бр. 1253
18 октомври 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА

### НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на федерацијата за 1990 („Службен лист на СФРЈ", бр. 88/89) во член 1 во точка 1 износот: „69.384,820.400" се заменува со износот: „91.610,400.000", во точка 2 износот: „75.316,820.400" се заменува со износот: „97.542,400.000".

Член 2

Во член 2 износот: „31,517.100" се заменува со износот: „253,131.100".

Член 3

Во членот 3 во Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на Југословенската народна армија во 1990 година во Одделот I. Приходи се вршат следниве измени:

1) во Видот 03. Даноци на промет на производи и на надомести за вршење услуги, во формата на приходи 03-1 Данок на промет на производи и услуги износот: „20.979,420.060" се заменува со износот: „31.287,551.770", во потформата на приходи 03-1-1 Дел на основниот данок на промет на производи и услуги, износот: „8.229.420.060" се заменува со износот: „15.387,551.770, во потоформата на приходи 03-1-2 Посебен данок на промет на производи и услуги за финансирање на Југословенската народна армија износот: „12.750,000.000" се заменува со износот: „15.900,000.000", а во ставката Вкупно вид 03 износот: „20.979,420.060" се заменува со износот: „31.287,551.770";

2) во Видот 06. Царина и други увозни давачки и лежарина, во формата на приходи 06-1 Царина износот: „4.667,605.090" се заменува со износот: „5.354,078.910", во формата на приходи 06-2 Посебни увозни давачки и такси износот: „6.980.990.450" се заменува со износот: „8.104.110.590", во потформата на приходи 06-2-1 Посебна давачка при увозот на земјоделски и прехранбени производи износот: „2.150.110" се заменува со износот: „94.692.620", во потформата на приходи 06-2-2 Посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки износот: „3.192,020.600" се заменува со износот: „3.343,044.260", во потформата на приходи 06-2-3 Посебна давачка за царинско евидентирање износот: „526,901.800" се заменува со износот: „553,162.760", во потформата на приходи 06-2-4 Лежарина за стоки сместени во царинските магацини износот: „355.390" се заменува со износот: „7,891.050", во потформата на приходи 06-2-5 Посебна такса на увезени стоки, износот: „3.259,562.550" се заменува со износот: „4.105,319.900", а во ставката Вкупно вид 06 износот: „11.648,595.540" се заменува со износот: „13.458,189.500".

3) во Видот 09. Позајмица, кредити и ослободени средства, во формата на приходи 09-5 Примени кредити износот: „53,308.560" се заменува со износот: „59,182.890", во потформата на приходи 09-5-1 Вишок на средства на Народната банка на Југославија, износот: „53,308.560" се заменува со износот: „59,182.890", а во ставката Вкупно вид 09 износот: „53, 308.560" се заменува со износот: „59,182.890".

Во ставката Вкупни приходи за распоред (Видови 03, 06,08 и 09) износот: „34.789,500.000" се заменува со износот: „46.913,100.000".

Во Одделот II Распоред на приходите:

1) во Основната намена 02 Народна одбрана и општествена самозаштита, во распоредната група 02-1 Средства за Југословенската народна армија износот: „34.789,500.000", се заменува со износот: „46.913,100.000", во распоредната подгрупа 02-1-1 Средства за Југословенската народна армија во текуштата година износот „30.368,100.000" се заменува со износот: „39.818,200.000", во распоредната подгрупа 02-1-3 - Средства за финансирање на воените пензии износот: „2.500,000.000" се заменува со износот: „5.173,500.000", а во ставката Вкупно основна намена 02 износот: „34.789,500.000" се заменува со износот: „46.913,100.000";

Во ставката Вкупно распоредени приходи на Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на Југословенската народна армија, износот: „34.780,500.000" се заменува со износот: „46.913,100.000".

Во Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на другите функции и обврски на федерацијата, како и за резервите на федерацијата во 1990 година во одделот I Приходи се вршат следниве измени:

1) во Видот 03. Даноци на промет на приходи и на надомести за вршење услуги, во формата на приходи 03-1 Данок на промет на производи износот: „14.926,579.940" се заменува со износот: „23.612,448.230", во потформата на приходи 03-1-1 Дел на основниот данок на промет износот: „14.926,579.940" се заменува со износот: „23.612,448.230", а во ставката Вкупно вид 03 износот: „14.926,579.940" се заменува со износот: „23.612,448.230".

2) во Видот 05. Такси, во формата на приходи 05-1 Административни такси износот: „71,400.000" се заменува со износот: „348,000.000", во потформата на приходи 05-1-1 Конзуларни такси износот: „46,100.000" се заменува со износот: „246,000.000", во потформата на приходи 05-1-2 Царински такси износот: „15,800.000" се заменува со износот: „82,000.000", во потформата на приходи 05-1-3 Други сојузни административни такси износот: „9,590.000" се заменува со износот: „20,000.000", во формата на приходи 05-3 Судски такси износот: „10.000" се заменува со износот: „2,000.000" а во ставката Вкупно вид 05 износот: „71.500.000" се заменув со износот: „350,000.000";

3) во Видот 06. Царина и други увозни давачки и лежарини, во формата на приходи 06-1 Царина, износот: „8.466,134.910" се заменува со износот: „8.215,921.090", во формата на приходи 06-2 Посебни увозни давачки и такси износот: „12.662,169.550" се заменува со износот: „12.435,889.410", во потформата на приходи 06-2-1 Посебна давачка при увозот на земјоделски и прехранбени производи износот: „3,899.890" се заменува со износот: „145,307.380", во потформатра на приходи 06-2-2 Посебна давачка при израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки износот: „5.789,709.400" се заменува со износот: „5.129,955.740", во потформата на приходи 06-2-3 Посебна давачка за царинско евидентирање износот: „955,698.200" се заменува со износот: „848,837.240", во потформата на приходи 06-2-4 Лежарина за стоки сместени во царински магацини износот: „644,610" се заменува со износот: „12,108.950", во потформата на приходи 06-2-5 Посебна такса на увезени стоки износот: „5.912,217.450" се заменува со износот: „6.299,680.100", а во ставката Вкупно

вид 06 износот: „21.128,304.460" се заменува со износот: „20.651,810.500";

4) во Видот 07. Приходи на посебни сојузни прописи, Приходи на органите на управата и други приходи, во формата на приходи 07-2 Приходи на органите на управата износот: „287,500.000" се заменува со износот: „1.200,000.000", во потформата на приходи 07-2-1 Приходи на сојузните органи и организации износот: „287.500.000" се заменува со износот: „1.200,000.000", во формата на приходи 07-4 Други приходи, износот: „192,940.400" се заменува со износот: „900,400.000", а во ставката Вкупно вид 07 износот: „480,420.400" се заменува со износот: „2.100,400.000";

5) во Видот 09. Позајмици, кредити и ослободени средства, во формата на приходи 09-5 Примени кредити, износот: „96,691.440" се заменува со износот: „90,817.110", во потформата на приходи 09-5-1 Средства на Народната банка на Југославија износот: „96,691.440" се заменува со износот: „90,817.110", а во ставката Вкупно вид 09 износот: „96,691.440" се заменува со износот: „90,817.110".

6) во ставката Вкупни приходи за распоред (видовите 03, 05, 06, 07, 08 и 09) износот: „40.527,320.400" се заменува со износот: „50.629,300.000".

Во оддлот II. Распоред на приходите:

1) во Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во распоредната група 01-2 Средства за материјални трошоци износот: „160.988.600" се заменува со износот: „241,882.600", во распоредната група 01-3 Средства за посебни намени износот: „1.873,495.400" се заменува со износот: „2.365,471.000", во распоредната подгрупа 01-3-2 Други посебни намени износот: „1.739.323.900" се заменува со износот: „2.231,299.500", а во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „5.743,875.900", се заменува со износот: „6.316,245.500";

2) во Основна намена 04, Трансферни средства на други општествено-политички заедници, во распоредната група 04-2 Дополнителни средства износот: „3.540,100.000" се заменува со износот: „4.752,300.00", во распоредната подгрупа 04-2-1 Дополнителни средства на буџетите на републиките и на автономните покраини износот: „3,540,100.000" се заменува со износот: „4.752,300.000", а во ставката Вкупно основна намена 04 износот: „3.540,100.000" се заменува со износот: „4.752,300.000";

3) во Основна намена 05. Обврска во финансирањето на општествените дејности, во распоредната група 05-9 Пензиско-инвалидско осигурување износот: „1. 062.081.200" се заменува со износот: „3.896,092.000", во распоредната група 05-11 Боречко-инвалидска заштита износот: „1.361,892.000" се заменува со износот: „2.087,581.200", а во ставката Вкупно основна намена 05 износот: „3.156.573.200" се заменува со износот: „6.716.273.200".;

4) во Основна намена 06. Други општи општествени потреби, во распоредната група 06-2 Општествено-политички и општествени организации износот: „101.231.400" се заменува со износот: „102.468.900", во распоредната група 06-12 Друго износот: „1.953,497.700" се заменува со износот: „2.048,897.700", а во ставката Вкупно основна намена 06 износот: „2.058,132.300" се заменува со износот: „2.154,769.800";

5) Во Основна намена 07. Средства за резерви на федерацијата, во распоредната група 07-2 Тековна буџетска резерва износот: „29,568.600" се заменува со износот: „253,131.100", а во ставката Вкупно основна намена 07 износот: „2.315,068.600" се заменува со износот: „2.538,631.600".

6) во Основна намена 08. Орочени и издвоени средства, обврски и други потреби од интерес за федерацијата, во распоредната група 08-4 Обврски по кредитите износот: „1.888,270.400" се заменува со износот: „1.934,180.400", во распоредната подгрупа 08-4-2 Долгорочни обврски од поранешните години износот: „1.888,270.400" се заменува со износот: „1.934,180.400", а во ставката Вкупно основна намена 08 износот: „1 888,270.400" се заменува со износот: „1.934,180.400";

7) во Основна намена 09. Средства за интервенции во стопанството и поттикнување на развојот, во распоредната група 09-5 Средства за интервенции во стопанството и поттикнување на развојот износот: „21.825,300.000" се заменува со износот: „26.216,400.000", во распоредната подгрупа 09-5-1 Средства за интервенции во стопанството и поттикнување на развојот износот: „21.825,300.000" се заменува со износот: „26.216,400.000", а во ставката Вкупно основна намена 09 износот: „21.825,300.000" се заменува со износот: „26.216,400.000".

8) во Ставката Вкупно распоредени приходи на Подбилансот на средствата за финансирање на другите функции и обврски на федерацијата, како и за резервите на федерацијата во 1990 година, износот: „40.527,320.400" се заменува со износот: „50.629,300.000".

Член 4

Во член 4 износот: „34.789,500.000" се заменува со износот: „46.913,100.000", во Разделот 1 Сојузен секретаријат за народна-одбрана, Основна намена 02. Народна одбрана и општествена самозаштита," во позиција 1. 02-1-1 Средства за Југословенската народна армија износот: „30.368,100.000" се заменува со износот: „39.818,200.000", во позицијата 3.02-1-3 Средства за финансирање на воените пензии износот: „2.500,000.000" се заменува со износот: „5.173,500.000", во Ставката Вкупно основна намена 02 износот: „34.789,500.000" се заменува со износот: „46.913,100.000", а во ставката Вкупно Раздел 1 износот: „34.789,500.000", се заменува со износот: „46.913,100.000".

Член 5

Во член 5 износот: „40.527,320.400", се заменува со износот: „50.629,300.000".

Во Раздел 1. Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Глава 1. Претседелство, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 2. Средства за материјални трошоци, износот: „599.000" се заменува со износот: „1,499.000", во позицијата 4. Патувања и посети износот: „360.500" се заменува со износот: „1.408.500", во позицијата 5. Трошоци за изработка на ордени и одликувања износот: „182.800",се заменува со износот: „682.800", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „39,434.200" се заменува со износот: „41,882.200", а во ставката Вкупно Глава 1 износот: „49,434.200" се заменува со износот: „41,882.200".

Во Глава 2. Служба за репрезентативни објекти на Претседателството на СФРЈ, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 12. Трошоци за програми и посети во репрезентативните објекти износот: „125.400" се заменува со износот: „275.400", во позицијата 13. Трошоци за одржување и користење на репрезентативните вили на Бриони износот: „649.100" се заменува со износот: „1,889.100", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „15,377.500" се заменува со износот: „16,767.500", а во ставката Вкупно Глава 2 износот: „15.377.500" се заменува со износот: „16.767.500", а во ставката Вкупно Раздел 1 (позиции од 1 до 13) износот: „54,811,700" се заменува со износот: „58,649.700".

Во Раздел 2. Собрание на СФРЈ, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 15. Средства за материјални трошоци износот: „9,448.000" се заменува со износот: „19,448.000", во позицијата 17. Придонес од 4% за станбена изградба на личните доходи и на другите лични примања на функционерите износот: „3,363.800" се заменува со износот: „6,363,800", во позицијата 20. Трошоци на парламентарни делегации износот: „286.900" се заменува со износот: „1,286.900", во позицијата 21. Партиципација за зачувување на основните музејски поставки на Музејот на I и II заседание на АВНОЈ износот: „17.700" се заменува со износот: „27.700", во позицијата 22. Средства за амортизација износот: „164.500" се заменува со износот: „1,059.500", во позицијата 23. Уредување наместување на станови за службени потреби износо „135.500" се заменува со износот: „325.500", во позицијата 24. Титов фонд за стипендирање на млади работници и работнички деца на Југославија износот: „9.300" се заменува со износот: „89.300", во позицијата 25. Трошоци за спроведување избори и отповици износот: „4.600" се заменува со износот: „104.600", во позицијата 26. Набавка на опрема и адаптација износот: „5.100" се заменува со износ „105.100„, во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „191.254.500" се заменува со износот: „206,629.500", а во ставката вкупно Раздел 2 (позиции од 14 до 26) износот: „191,254.500" се заменува со износот: „206,629.500".

Во Раздел 4. Сојузен извршен совет, Глава 1. Сојузен извршен совет, Основна намена 01. Средства за работа на

органите на управата, во позицијата 30. Средства за материјални трошоци износот: „4,833.700" се заменува со износот: „8,833.700", во позицијата 31. Патни трошоци во странство, износот: „2,439.300" се заменува со износот: „5,439.300", во позицијата 36. Трошоци на Сојузниот општествен совет за прашања на општественото уредување износот: „55.000" се заменува со износот: „180.000", во позицијата 37. Трошоци за работа на Сојузниот совет за меѓународни односи износот: „48.700" се заменува со износот: „148.700", во позицијата 38. Трошоци за работа на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика износот: „68.400" се заменува со износот: „158.400", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „68,421.800" се заменува со износот: „75,736.800", а во ставката Вкупно Глава 1 износот: „68,421,800" се заменува со износот: „75,736.800".

Во Глава 2. Служба на Сјузниот извршен совет за персонални работи, Основна амена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 42. Средства за материјални трошоци износот: „31.500" се заменува со износот: „231.500", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „17,573.400" се заменува со износот: „17,773.400", а во ставката Вкупно Глава 2 износот: „17,573.400" се заменува со износот: „17,773.400".

Во Глава 3. Служба на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 45. Средства за материјални трошоци износот: „28.600" се заменува со износот: „128.600", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „4,017.900" се заменува со износот: „4,117.900", а во ставката Вкупно Глава 3 износот: „4,017.900" се заменува со износот: „4,117,900".

Во Глава 4. Меморијален центар „Јосип Броз Тито", Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 48. Средства за материјални трошоци износот: „3,290.800" се заменува со износот: „6,290.800", во позицијата 50. Трошоци за работа и одржување на родната куќа Кумровец, износот: „86.300" се заменува со износот: „186.300", во позицијата 52. Средства за одржување на островот Ванга износот: „196.100" се заменува со износот: „956.100", во ставката Вкупно Основна намена 01 износот: „25,355.200" се заменува со износот: „29,215.200", а во ставката Вкупно Глава 4 износот: „25,355.200" се заменува со износот: „29.215.200".

Во Глава 5. Секретаријат за законодавство на Сојузниот извршен совет, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 55. Средства за материјални трошоци износот: „108.200" се заменува со износот: „408.200", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „7,623.500" се заменува со износот: „7,923.500", а во ставката Вкупно Глава 5. износот: „7,623.500" се заменува со износот: „7,923.500".

Во Глава 6. Секретаријат за информации на Сојузниот извршен совет, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 58. Средства за материјални трошоци износот: „545.700" се заменува со износот: „1,545.700", во позицијата 63. Радиопрограма за странство износот: „51,929.700" се заменува со износот: „55,929.700", во позицијата 66. Информирање на јавноста преку радио и телевизија (посебна емисија) износот: „118.200" се заменува со износот: „168.200", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „149,900.500" се заменува со износот: „154,950.500", во ставката Вкупно Глава 6 износот: „149,900.500" се замнува со износот: „154,950.500", а во ставката Вкупно Раздел 4 (позиции 29 до 68) износот: „272,892.300" се заменува со износот: „289,717.300".

Во Раздел 5. Уставен суд на Југославија, основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 70. Средства за материјални трошоци износот: „375.800" се заменува со износот: „1,075.800", во ставката Вкупно основна намена 01. износот: „16,506.400" се заменува со износот: „17,206.400", а во ставката Вкупно раздел 5 (позиции од 69 до 73), износот: „16,506.400" се заменува со износот: „17,206.400".

Во Раздел 6. Сојузен суд, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 75. Средства за материјални трошоци износот: „1,055.100" се заменува со износот: „1,555.100", во позицијата 79. Надомест за користење на градското земјиште износот: „214.700" се заменува со износот: „244.700", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „17,895.500" се заменува со износот: „18,425.500", а во ставката Вкупно Раздел 6 (позиции од 74 до 80) износот: „17,895.500" се заменува со износот: „18,425.500".

Во Раздел 7. Сојузно јавно обвинителство, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 82. Средства за материјални трошоци износот: „319.200" се заменува со износот: „369.200", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „8,328.800" се заменува со износот: „8,578.800", а во ставката Вкупно Раздел 7 (позиции од 81 до 84) износот: „8,328.800" се заменува со износот: „8,578.800".

Во Раздел 8. Сојузно јавно правобранителство. Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 86. Средства за материјални трошоци износот: „269.200" се заменува со износот: „469.200", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „4,736.700" се заменува со износот: „4,936.700", а во ставката Вкупно Раздел 8 (позиции од 85 до 88) износот: „4,736.700" се заменува со износот: „4,936.700".

Во Разедел 9. Сојузен општествен правобранител на самоуправувањето, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 90. Средства за материјални трошоци износот: „61.300" се заменува со износот: „161.300", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „3,511.300" се заменува со износот: „3,611.300", а во ставката Вкупно Раздел 9 (позиции од 89 до 91) износот: „3,511.300" се заменува со износот: „3,611.300".

Во Раздел 10. Сојузен совет за прекршоци, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 93. Средства за материјални трошоци износот: „105.600" се заменува со износот: „265.600", во ставката Вкупно основна намена 01. износот: „5,315.000" се заменува со износот: „5,475.000", а во ставката Вкупно Раздел 10 (позиции од 92 до 94) износот: „5,315.000" се заменува со износот: „5,475.000".

Во Раздел 11. Сојузен секретаријат за надворешни работи, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 97. Средства за материјални трошоци износот: „10,349.000" се заменува со износот: „15,349.000", во позицијата 103. Експлоатација на опремата на радиоврските износот: „276.300" се заменува со износот: „776.300", во позицијата 104. Средства за амортизација износот: „1,078.500" се заменува со износот: „3,498.500", во позицијата 107. Изработка на публикации и документи за надворешната политика износот: „24.800" се заменува со износот: „324.800" во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „998,199.000" се заменува со износот: „1.006,419.000", а во ставката Вкупно Раздел 11 (позиции од 95 до 111) износот: „998,199.000" се заменува со износот: „1.0006,419.000".

Во Раздел 12. Сојузен секретаријат за внатрешни работи, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позиција 121. Средства за амортизација износот: „390.900" се заменува со износот: „3,390.900", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „576,447.700" се заменува со износот: „579,447.700", а во ставката Вкупно Глава 1 износот: „576,447.700" се заменува со износот: „579,447.700".

Во Глава 2. Институт за безбедност, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 126. Средства за материјални трошоци износот: „3,096.900" се заменува со износот: „6,096.900", во позицијата 130. Селидбени трошоци и испратнина износот: „11.600" се заменува со износот: „2,011.600"; во позицијата 134. Средства за амортизација износот: „273.100" се заменува со износот: „999.100", во ставката Вкупно основна намена 01 .износот: „131,222.300" се заменува со износот: „136,948.300", во ставката Вкупно Глава 2 износот: „131,222.300" се заменува со износот: „136,948.300", а во ставката Вкупно Раздел 12 (позиции од 112 до 137) износот: „707,670.000" се заменува со износот: „716,396.000".

Во Раздел 13. Сојузен секретаријат за финансии, Глава 1. Секретаријат, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 141. Средства за материјални трошоци износот: „1,154.900" се заменува со износот: „4,154.900", во позицијата 145. Членарини и придонеси на меѓународни организации износот: „143,290.000" се заменува со износот: „290,215.000", во позицијата 147. Средства за испратнини износот: „1,270.200" се заменува со износот: „11,270.200", по позицијата 149. Средства за усогласување на личните доходи во органите на Федерацијата се додава нова позиција која гласи:

„149а. 01-3-2 Средства за материјални трошоци и други потреби на органите на Федерацијата 228,600.000", во позицијата 151. Надомест и провизија на Службата на општественото книговодство износот: „572.400" се заменува со износот: „10,935.200", а во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „762,626.000" се заменува со износот: „1.161,513.800".

Во Основна намена 04. Трансферни средства на други општествено-политички заедници, во позицијата 153. Дополнителни средства на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина износот: „994,017.500" се заменува со износот: „1,342.262.920", во пизицијата: „154. Дополнителни средства на Социјалистичка Република Македонија износот: „453,100.000" се заменува со износот: „611.838.310", во позицијата 155. Дополнителни средства на Социјалистичка Автономна Покраина Косово износот: „1.632,371.300" се заменува со износот: „2.204,261.530", во позицијата 156. Дополнителни средства на Социјалистичка Република Црна Гора износот: „380,611.200" се заменува со износот: „513,937.440", а во ставката Вкупно основна намена 04 износот: „3,540,100.000" се заменува со износот: „4.752,300.000".

Во Основна намена 07 Средства за резерви на федерацијата, во позицијата 161. Текушта буџетска резерва износот: „29,586.600" се заменува со износот: „253,131.100", а во ставката Вкупно основна намена 07 износот: „2.315,068.600" се заменува со износот: „2.538,631.100".

Во Основна намена 08. Орочени, издвоени средства, обврски и други потреби од интерес за федерацијата, во позицијата 162 во распоредната група 08-4-2 Обврски по странски заеми се додаваат зборовите: „и за национализиран странски имот", во позицијата 164. Општо зголемување на капиталот на Меѓународната банка за обнова и развој износот: „31,150.000" се заменува со износот: „54,400.000", во позицијата 165. Средства за покритие на курсните разлики од поранешните години износот: „238,484.400" се заменува со износот: „251,484.400", во позицијата 170. Зголемување на капиталот на Меѓународната финансиска корпорација IFC износот: „8,560.000" се заменува со износот: „18,220.000", а во ставката Вкупно основна намена 08 износот: „1,888.270.400", се заменува со износот: „1.934,180.400".

Во Основна намена 09. Средства за интервенции во стопанството и поттикнување на развојот, во позицијата 177. Курсни разлики по определени странски кредити износот: „3,040,000.000" се заменува со износот: „3.940,000.000", во позицијата 179 Обврски по депонирани девизни штедења, износот: „6.270.000.000" се заменува со износот: „3.923.000.000", во позицијата 180а Основачки влог на федерацијата во Југословенската банка за меѓународна економска соработка износот: „390,200.000" се заменува со износот: „882,400.000", во ставката Вкупно основна намена 09 износот: „13.773.400.000" се заменува со износот: „12,818,600.000", во ставката Вкупно Глава 1 износот: „24,151,868.200" се заменува со износот: „25.077,628 500", а во ставката Вкупно Раздел 13 (позиции од 138 до 183) износот: „24.189,268.600" се заменува со износот: „25.115,028.900.

Во Раздел 14. Сојузен секретаријат за економски односи со странство, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 185. Средства за материјални трошоци износот: „1,183.200", се заменува со износот: „4,183.200", во позицијата 187. Трошоци на странски и домашни делегации износот: „559.300" се заменува со износот: „759.300", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „48,321.000" се заменува со износот: „51,521.000" во ставката Основна намена 09. Средства за интервенции во стопанството и поттикнување на развојот, во позицијата 189. Враќање на царини и на други увозни давачки износот: „4.092,500.000" се заменува со износот: „7.544.600.000", во позицијата 190. Средства за општа, стопанска и туристичка пропаганда износот: „213,500.000" се заменува со износот: „235,800.000" во ставката Вкупно Основна намена 09 износот: „4.306,000.000" се заменува со износот: „7.780.400.000", а во ставката Вкупно Раздел 14 (позиции од 184 до 190) износот: „4.354,321.000" се заменува со износот: „7.831,921.000".

Во Раздел 15. Сојузен секретаријат за правосудство и управа, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 194. Трошоци за екстрадиција износот: „17.900" се заменува со износот: „67.900", во позицијата 195. Средства за амортизација износот: „3,665.500" се заменува со износот: „6,065.500", во позицијата 197. Средства за определени потреби износот: „1,967.900" се заменува со износот: „6,967.900", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „29,522.500" се заменува со износот: „36,972.500". Основна намена 06. Други општи општествени потреби, во позицијата 198. Средства за финансирање на програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи износот: „62,697.700", се заменува со износот: „96,297.700", во ставката Вкупно основна намена 06 износот: „62,297.700" се заменува со износот: „96,297.700", а во ставката Вкупно Глава 1 износот: „91,820.200" се заменува со износот: „133,270.200".

Во Глава 2. Сојузен завод за унапредување на управата, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 200. Средства за материјални трошоци износот: „104.400" се заменува со износот: „204.400", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „3,877.300" се заменува со износот: „3,977.300", а во ставката Вкупно Глава 2 износот: „3,877.300" се заменува со износот: „3,977.300".

Во Глава 3. Финансирање на програмата за работа на самостојните институции и организации, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 203. Надомест на здравствените установи за давање услуги на работниците во сојузните органи износот: „80.700" се заменува со износот: „280.700", во позицијата 204. Средства за извршување на програмата за работа на Музејот на револуцијата на народите и народностите износот: „7,320.000" се заменува со износот: „10,248.000", во позицијата 205. Средства за Наградата АВНОЈ износот: „153.800" се заменува со износот: „353.800", во позицијата 207. Фонд за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде" износот: „178.900" се заменува со износот: „278.900", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „11,058.600", се заменува со износот: „14,486.600", во ставката Вкупно Глава 3 износот: „11,058.600" се заменува со износот: „14,486.600", а во ставката Вкупно Раздел 15 (позиции од 191 до 209) износот: „106,756.100" се заменува со износот: „151,734.100".

Во Раздел 16. Сојузен секретаријат за развој, Глава 1. Секретаријат, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 211 Средства за материјални трошоци износот: „358.800" се заменува со износот: „458.800", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „41,972.000" се заменува со износот: „42,072.000", во ставката Вкупно Глава 1 износот: „934,072.000" се заменува со износот: „834,172.000".

Во Глава 2. Сојузен завод за општествено планирање, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 217. Средства за материјални трошоци износот: „579.900" се заменува со износот: „990.900", во ставката Вкупно Основна намена 01 износот: „28,040.500" се заменува со износот: „28,451.500", а во ставката Вкупно глава 2 износот: „28,040.500" се заменува со износот: „28,451.500".

Во Глава 3. Сојузен завод за информатика, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 223. Средства за материјални трошоци износот: „422.500" се заменува со износот: „522.500", во позицијата 226. Трошоци за работа на Советот на општествениот систем за информирање на СФРЈ износот: „10.700" се заменува со износот: „31.700", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „12,525.100" се заменува со износот: „12,646.100", а во ставката Вкупно Глава 3 износот: „12,525.100" се заменува со износот: „12,646.100".

Во Глава 4. Сојузен завод за патенти, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 228. Средства за материјални трошоци износот: „723.100" се заменува со износот: „823.100", во позицијата 230. Трошоци на информациониот систем, меѓународни обврски спрема патентниот завод во Виена износот: „362.700" се заменува со износот: „512.700", во ставката Вкупно Основна намена 01 износот: „21,971.000" се заменува со износот: „22.221.000", а во ставката Вкупно Глава 4 износот: „21,971.000" се заменува со износот: „22,221.000", а во Разделот 16 (позиции од 210 до 231) износот: „896,608.600", се заменува со износот: „897.490.600".

Во Раздел 17. Сојузен секретаријат за трговија, Глава 1. Секретаријат, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата, во позицијата 223. Средства за материјални трошоци износот: „411.400" се заменува со износот: „911.400", во позицијата 234. Патни трошоци во

странство износот: „48.000" се заменува со износот: „98.000", во позицијата 236. Средства за стручна соработка со институциите од областа на пазарот од земјата и од странство износот: „14.300" се заменува со износот: „214.300", во позицијата 237. Надомест за работа на надворешните соработници износот: „8.600" се заменува со износот: „208.600", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „18,034.900" се заменува со износот: „18,984.900", а во ставката Вкупно Глава 1 износот: „18,034.900" се заменува со износот: „18.984.900".

Во Глава 2. Сојузен пазарен инспекторат, Основна намена 01. Средства за работа на органите на управата во позицијата 239. Средства за материјални трошоци износот: „1,502.400" се заменува со износот: „2,002.400", во ставката Вкупно Основна намена 01 износот: „20 634.600" се заменува со износот: „21,134.600", а во ставката Вкупно Глава 2 износот: „20,634.600" се заменува со износот: „21,134.600".

| | | | | | 05,45 | 08,00 | 2 |
| | | | | | 11,00 | 13,00 | 2 |
| | | | | | Во летниот период (од 16 октомври до 23 октомври) | | |
| | | | | | 11,00 | 13,00 | 2 |
| | | | | | Во летниот период (од 28 март до 24 октомври) | | |
| | | | | | 07,45 | 10,30 | 3 |
| | | | | | 19,00 | 21,00 | 3 |
| | | | | | Во летниот период (од 29 март до 10 мај) | | |
| | | | | | 06,0 | 08,00 | 4 |
| | | | | | 21 | 22,30 | 4 |
| | | | | | Во летниот период (од 17 мај до 11 октомври) | | |
| | | | | | 06,00 | 10,00 | 4 |
| | | | | | 13,00 | 15,00 | 4 |
| | | | | | 21,00 | 23,00 | 4 |
| | | | | | Во летниот период (од 18 октомври до 25 октомври) | | |
| | | | | | 06,00 | 08,00 | 4 |
| | | | | | 21,00 | 23,00 | 4 |
| | | | | | Во летниот период (од 30 март до 26 октомври) | | |
| | | | | | 06,30 | 22,30 | 5 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Во летниот период (од 31 март до 28 април) | | |
| | | | | | 05,30 | 06,30 | 6 |
| | | | | | 18,30 | 24,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период (од 5 мај до 26 мај) | | |
| | | | | | 05,30 | 08,30 | 6 |
| | | | | | 12,00 | 14,00 | 6 |
| | | | | | 18,30 | 24,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период (од 2 јуни до 23 јуни) | | |
| | | | | | 05,30 | 14,00 | 6 |
| | | | | | 18,30 | 24,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период (од 30 јуни до 22 септември) | | |
| | | | | | 05,30 | 24,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период (од 29 септември до 20 октомври) | | |
| | | | | | 05,30 | 14,00 | 6 |
| | | | | | 18,30 | 24,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период за октомври | | |
| | | | | | 07,30 | 08,30 | 6 |
| | | | | | 12,00 | 14,00 | 6 |
| | | | | | Во летниот период (од 26 март до 6 мај) | | |
| | | | | | 21,45 | 22,30 | 7 |
| | | | | | Во летниот период (од 20 мај до 7 октомври) | | |
| | | | | | 06,30 | 08,30 | 7 |
| | | | | | 13,00 | 15,00 | 7 |
| | | | | | 18,45 | 23,30 | 7 |
| | | | | | Во летниот период (од 14 октомври до 21 октомври) | | |
| | | | | | 06,30 | 08,30 | 7 |
| | | | | | 18,45 | 22,30 | 7 |
| | | | | | Аеродромот „Задар" ќе биде отворен за слетување и полетување на воздухоплови со должина до 18 m, и тоа: | | |
| | | | | | Во летниот период (од 1 мај до 25 септември) | | |
| | | | | | 08,00 | 22,00 | 1,2,3,4,5,6,7 |
| 15 | „Пула" | 06,45 | 11,00 | 1 | Во летниот период (од 26 март до 30 април) | | |
| | | 15,30 | 22,30 | 1 | | | |
| | | 06,45 | 08,00 | 3 | | | |
| | | 20,30 | 22,30 | 3 | 06,30 | 08,00 | 1,2 |
| | | 08,00 | 11,00 | 4 | 19,30 | 21,30 | 2 |
| | | 15,30 | 19,15 | 4 | 20,00 | 22,00 | 3,4 |
| | | 06,45 | 09,30 | 5 | 07,30 | 09,00 | 4 |
| | | 17,45 | 22,30 | 5 | 06,30 | 09,15 | 5 |
| | | | | | 17,45 | 21,00 | 5 |
| | | | | | 07,00 | 08,30 | 6 |
| | | | | | 19,45 | 21,00 | 6 |
| | | | | | 06,30 | 08,30 | 7 |
| | | | | | 19,45 | 22,00 | 7 |
| | | | | | Во летниот период (од 1 мај до 27 октомври) | | |
| | | | | | 06,30 | 22,00 | 1,2,5 |
| | | | | | 06,45 | 23,15 | 3 |
| | | | | | 07,00 | 22,45 | 4 |
| | | | | | 06,30 | 23,00 | 6 |
| | | | | | 06,30 | 24,00 | 7 |
| 16 | „Ниш" | Во зимскиот период (од 29 октомври до 21 декември) | | | 07,00 | 15,00 | 1,2,3,4,5 |
| | | 07,00 | 15,00 | 1,2,3,4,5 | | | |
| | | Во зимскиот период (од 22 декември до 31 март) | | | | | |
| | | 07,00 | 14,00 | 6 | | | |
| | | 13,00 | 22,00 | 6 | | | |
| | | 09,00 | 11,00 | 7 | | | |
| | | 18,30 | 20,30 | 7 | | | |
| 17 | „Тиват" | 09,30 | 12,00 | 2,7 | 06,00 | 18,00 | 1,2,3,4,5,6,7 |
| | | 08,30 | 11,00 | 4,5 | | | |
| | | 07,30 | 10,00 | 6 | | | |
| 18 | „Скопје" | 06,00 | 22,30 | 1,2,4,5 | 06,00 | 11,00 | 1 |
| | | 06,00 | 13,00 | 3 | 19,00 | 22,40 | 1 |
| | | 17,30 | 22,30 | 3 | 06,00 | 14,30 | 2 |
| | | 06,00 | 14,00 | 6,7 | 20,00 | 22,00 | 2 |
| | | 18,00 | 22,30 | 6,7 | 06,00 | 22,40 | 3 |
| | | | | | 06,00 | 14,00 | 4 |
| | | | | | 17,00 | 22,40 | 4 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 06,00 | 09,00 | 5,7 |
| | | | | | 19,00 | 23,00 | 5 |
| | | | | | 05,00 | 11,00 | 6 |
| | | | | | 17,00 | 22,30 | 6,7 |
| 19 | „Приштина" | 11,00 | 22,00 | 3,5,7 | 05,30 | 09,00 | 1,7 |
| | | | | | 22,00 | 24,00 | 1 |
| | | | | | 06,00 | 09,00 | 2 |
| | | | | | 15,00 | 24,00 | 5 |
| | | | | | 05,00 | 09,00 | 6 |
| | | | | | 20,30 | 22,30 | 6 |
| | | | | | 16,00 | 24,00 | 7 |

2. Воздухопловните пристаништа од точка 1 на оваа наредба ќе бидат отворени и надвор од времето на отвореност во случаите предвидени во член 191 став 2 од Законот за воздушната пловидба.

2. Времето на отвореност на воздухопловните пристаништа од точка 1 на оваа наредба се смета по југословенско време.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/90 и 29/90).

5. Ова анаредба влегува во сила на 28 октомври 1990 година.

Бр. 7/1-03-015/90-001
16 октомври 1990 година
Белград

Сојузен секретар за
сообраќај и врски,
**Јоже Слокар, с. р.**

## 957.

Врз основа на член 80 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/88), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НАФТЕНИ ПРОИЗВОДИ И ЈАГЛЕНОВОДОРОДНИ РАСТВОРУВАЧИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за нафтени производи и јаглеководородни растворувачи, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Нафтени производи и јагленоводородни растворувачи. Определување на анилинската точка и на мешовитата анилинска точка — — —
— — — JUS B.H8.046II2) Tečni goriva i drugi zapalni tečnosti. Opredeluvanje na točkata na palenjeto vo zatvoren sad. Metod po Abel - PenskiJUS B.H8.047

3) Нафтени производи. Определување на бојата по Сејболт. Колориметриски метод — — — — — — — — — — — — — — — JUS B.H8.060

4) Јагленоводородни растворувачи. Определување на каури-бутанолскиот број. Метод А и метод Б — — — — — — — JUS B.H8.061

5) Течни горива. Квалитативно определување на индикаторот во маслото за горење екстра лесно „ЕЛ" — — — — — — JUS B.H8.064

6) Течни горива. Определување на индикаторот во маслото за горење екстра лесно „ЕЛ". Спектрофотометриски метод — — —
— — — JUS B.H8. 065

7) Нафтени деривати. Определување на бојата — — — — — — — — — — — — — JUS B.H8. 066

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди JUS B.H8.064 и JUS B.H8.065 од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост и ќе се применуваат на нафтени производи и јагленоводородни растворувачи што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Применувањето на југословенските стандарди JUS B.H8.046, JUS B.H8.047, JUS B.H8.060, JUS B.H8.061 и JUS B.H8.66 од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Испитување на течни горива и други запалителни течности. Определување на точката на палењето во затворен сад по Абел - Пенски — — — — — — — — — — — — — JUS H.B8.047
донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на испитувањето на нафтените деривати („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/66).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06/01-93/230
21 септември 1990 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Верољуб Танасковиќ, с. р.**

## 958.

Врз основа на член 80 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/88), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ АПАРАТИ ЗА ДОМАЌИНСТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за електрични апарати за домаќинство, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Електрични апарати за домаќинство. Барања за безбедност. Општи тех-

нички услови и испитувања. Измени и дополненија — — — — — — — — — — — JUS N.M1.001/4
2) Барања за безбедност. Електронски кола во апарати за домаќинство. Посебни технички услови и испитувања. — JUS N.M1.002

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на електрични апарати за домаќинство што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:
Електрични апарати за домаќинството. Електронски кола за безбедност — — JUS N.M1.002
донесен со Правилникот за југословенските стандарди за електрични апарати за домаќинството („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/79).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува по истекот на дванаесет месеци од денот на објавувањето.

Бр. 06/01-93/231
21 септември 1990 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Верољуб Танасковиќ**, с. р.

## 959.

Врз основа на член 80 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/88), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НИСКОНАПОНСКИ СКЛОПНИ БЛОКОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за нисконапонски склопни блокови, кои ги имаат следните називи и ознаки:
1) Нисконапонски склопни блокови. Посебни барања за канални разводи — — JUS N.K5.5031
2) Нисконапонски склопни блокови. Методи на екстраполација за определување на загревањето на парцијално типски испитани (PTTA) блокови — — — — — — JUS N.K5.505

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард JUS N.K5.503/1 од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на нисконапонски склопни блокови од денот на влегувањето во сила на овој правилник.
Применувањето на југословенскиот стандард JUS N.K5.505 од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06/01-93/229
21 септември 1990 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Верољуб Танасковиќ**, с. р.

## 960.

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за исплата на личните доходи, на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/90), Сојузниот завод за статистика утврдува и објавува

# ПОКАЗАТЕЛИ
## ЗА МЕСЕЧНИОТ РАСТЕЖ НА ИСПЛАТЕНИОТ ЧИСТ ЛИЧЕН ДОХОД ПО РАБОТНИК ВО СТОПАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКАТА ОДНОСНО НА АВТОНОМНАТА ПОКРАИНА ВО ОДНОС НА ПЕРИОДОТ ДЕКЕМВРИ 1989 - МАЈ 1990 ГОДИНА И ЗА ИЗНОСОТ НА ПРОСЕЧНИОТ МЕСЕЧЕН ЧИСТ ЛИЧЕН ДОХОД ПО РАБОТНИК ИСПЛАТЕН ЗА ПЕРИОДОТ ЈУНИ-АВГУСТ 1990 ГОДИНА

1. Растежот на исплатениот чист личен доход по работник во стопанството за август 1990 година во однос на периодот декември 1989 - мај 1990 година изнесува, во проценти:

| | |
|---|---|
| СФРЈ | 46,6 |
| СР Босна и Херцеговина | 65,3 |
| СР Македонија | 22,1 |
| СР Словенија | 27,2 |
| СР Србија | 45,5*) |
| САП Војводина | 54,4 |
| САП Косово | 45,1 |
| СР Хрватска | 66,3 |
| СР Црна Гора | 69,5 |

*) За СР Србија без податоците за социјалистичките автономни покраини растежот на исплатениот чист личен доход во стопанството за август 1990 година изнесува 40,5%.

2. Чистиот личен доход по работник во стопанството за периодот јуни-август 1990 година изнесува, во динари:

| | |
|---|---|
| СФРЈ | 4142 |
| СР Босна и Херцеговина | 3465 |
| СР Македонија | 3003 |
| СР Словенија | 5438 |
| СР Србија | 3784**) |
| САП Војводина | 4071 |
| САП Косово | 2217 |
| СР Хрватска | 4976 |
| СР Црна Гора | 3152 |

**) За СР Србија без податоците за социјалистичките автономни покраини, чистиот личен доход по работник во стопанството за периодот јуни-август 1990 година изнесува 3823 динари.

Бр. 001-3445/1
19 октомври 1990 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
статистика,
д-р **Драгутин Групковиќ**, с р.

## 961.

Врз основа на член 57 точка 7 од Статутот на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/78, 18/82, 30/87, 34/89 и 61/90), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТПИС НА ПОБАРУВАЊАТА

1. Со оваа одлука се утврдуваат условите и постапката за отпис на побарувањата на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници (во натамошниот текст: Заедницата) настанати поради штета причинета на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници, на Фондот на здравственото осигурување на воените осигуреници и на Фондот за додатокот на деца на воените осигуреници.

2. Отписот на побарувањата од точка 1 на оваа одлука може да се изврши во следните случаи:

1) ненаплативост на побарувањата;

2) неекономичност на водењето на постапката за наплата на побарувањата;

3) ако поради наплатата на побарувањата би била загрозена егзистенцијата на должникот, под условите од точка 5 на оваа одлука.

3. Побарување се смета за ненаплативо:

1) ако настапила застареност на побарувањето според Законот за облигационите односи;

2) ако побарувањето не можело да се наплати ни по присилен пат;

3) ако местото на престојот на должникот не може да се утврди;

4) ако по смртта на должникот не останал имот од кој побарувањето би можело да се наплати.

4. Водењето на постапката за наплата на побарувањето се смета за неекономично ако се работи за побарување до 100 динари, чија наплата по вонсудски пат не успеала.

5. Отписот на побарувањето од точка 2 одредба под 3 на оваа одлука може да се изврши ако должникот е уживател на заштитен додаток кон пензијата според прописите за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници и ако долгот настанал без негова вина.

6. Отписот на побарувањето го врши раководителот на Стручната служба на Заедницата, освен ако износот на побарувањето е поголем од 50.000 динари, кога за отписот на побарувањето одлучува Собранието на Заедницата на предлог од раководителот на Стручната служба на Заедницата.

7. Отписот на побарувањето се врши по молба на должникот односно на предлог од Стручната служба на Заедницата (во натамошниот текст: молбата односно предлогот).

8. Молбата односно предлогот мораат да бидат образложени и документирани.

Должникот кон молбата приложува докази за своите вкупни приходи и за приходите на членовите на своето домаќинство, и тоа од земјоделска, самостојна и друга дејност, како и за други приходи од претходната година, односно за височината на други месечни примања (од работниот однос, по основ на социјално осигурување и по други основи) за последните шест месеци пред поднесувањето на молбата.

Стручната служба на Заедницата е должна во предлогот да го наведе износот и основот на побарувањето, временскиот период на кој побарувањето се однесува, бројот и датумот на решението со кое е утврдена наплатата, како и други податоци потребни за одлучување на раководителот на Стручната служба на Заедницата.

9. При одлучувањето по молбата односно по предлогот раководителот на Стручната служба на Заедницата особено ги цени:

1) вкупните приходи на должникот и на членовите на неговото семејно домаќинство, бројот на членовите на семејството и нивната возраст, занимање и здравствена состојба;

2) причините што довеле до побарување.

10. За молбата односно за предлогот раководителот на Стручната служба на Заедницата донесува решение.

11. Постапка за отпис на побарување поведена пред влегувањето во сила на оваа одлука ќе се заврши според одредбите од оваа одлука, ако тоа за должникот е поповолно.

12. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината и критериумите за отпишување на побарувањата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и на Фондот на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/74).

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Бр. 151-1
25 септември 1990 година
Белград

Претседател
на претседателството,
генерал-полковник во
пензија,
**Дане Петковски**, с. р.

## 962.

Врз основа на член 129 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/85, 74/87 и 20/89), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ

1. Во Деловникот на Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/83, 61/86 и 24/89), во член 3 ставот 2 се брише.

2. Членот 13 се менува и гласи:

„По извршената верификација на мандатите на новоизбраните делегати, Собранието, на предлог од Кандидационата комисија (од пет членови), ги избира членовите на Претседателството на Собранието, членовите на Извршниот одбор на Собранието и членовите на комисиите на Собранието чие формирање е задолжително според Статутот на Заедницата.

Во Претседателството, Собранието избира седум, во Извршниот одбор пет, во Комисијата за здравствено осигурување и здравствена заштита девет, а во другите комисии по пет членови.

Од редот на членовите на Претседателството, Собранието на Заедницата избира претседател и заменик на претседателот на Претседателството. Извршниот одбор односно секоја комисија избира претседател и заменик на претседателот од редовите на своите членови.".

3. Во сите членови зборот: „одбор" во различни граматички форми се заменува со зборовите: „Извршен одбор" во соодветни граматички форми.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Бр. 146-1
25 септември 1990 година
Белград

Претседател
на Претседателството,
генерал-полковник во
пензија,
**Дане Петковски**, с. р.

## 963.

Врз основа на член 396 од Уставот на СФРЈ и член 75 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/85), Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 17 октомври 1990 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## ЗА ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Деловникот на Уставниот суд на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/85), во член 22 ставот 2 се брише.

Член 2

Овој деловник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Уставен суд на Југославија**

Су бр. 396/90
17 октомври 1990 година
Белград

Претседател,
**Милован Бузаџиќ**, с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 2 СТАВ 1 ТОЧКА 3, ЧЛЕН 7 И ЧЛЕН 8 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОСНОВИТЕ НА ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ

1. Собранието на СР Словенија поведе пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на уставноста на одредбите на член 2 став 1 точка 3, член 7 и член 8 од Законот за привремени мерки за основите на даночниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 85/89).

Собранието на СР Словенија смета дека со сојузен закон не може да се утврди дека данок на личниот доход на работниците е данокот кој е од значење за функционирање на единствениот југословенски пазар поради тоа што, според неговото мислење, во такви даноци, според Уставот на СФРЈ, можат да спаѓаат само оние даноци кои се однесуваат на субјекти кои вршат стопанска дејност, односно на субјекти на пазарното работење.

2. Со оспорените одредби на наведениот закон е пропишано: дека данокот на личниот доход на работникот е од значење за функционирање на единствениот југословенски пазар (член 2 став 1 точка 3); обврзникот на данокот на личниот доход на работникот да е физичко лице, резидент на СФРЈ, кој ќе оствари личен доход од работниот однос за работата извршена во земјата или во странство по основа на работниот однос заснован во СФРЈ, како и физичко лице кое не е резидент на СФРЈ, ако на територијата на СФРЈ ќе оствари личен доход од работниот однос (член 7) и основицата на данокот на личниот доход на работникот да е личниот доход остварен од работниот однос за работа во земјата и во странство (член 8)

3. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, во одговор на предлогот за поведување постапка наведе дека, според неговото мислење, оспорените одредби од наведениот закон се во согласност со одредбите на точка 5 член 281 од Уставот на СФРЈ и со одредбата на потточка 5 точка 1 од Амандманот XXXIX на Уставот на СФРЈ.

4. Со одредбата на алинеја 2 точка 1 од Амандманот XXXI на Уставот на СФРЈ, со која е дополнета одредбата на член 252 став 1 од Уставот на СФРЈ, е утврдено дека основата на единствениот југословенски пазар ја сочинуваат и единствените основи на даночниот систем и заедничките основи на даночната политика.

Со одредбата на потточка 5 точка 1 од Амандманот XXXIX на Уставот на СФРЈ, со која е дополнета одредбата на точка 5 став 1 од член 281 на Уставот на СФРЈ, е утврдено дека федерацијата, преку сојузните органи, ги уредува основите на даночниот систем – изворите, видовите, обврзниците и основиците – што се од значење за функционирање на единствениот југословенски пазар.

Уставниот суд на Југославија смета дека од тие одредби на Уставот на СФРЈ произлегува дека оценувањето и утврдувањето кој данок е од значење за функцицонирање на единствениот југословенски пазар е работа која е во надлежност на федерацијата и дека, според тие одредби од Уставот на СФРЈ, право и должност на федерацијата е да цени дали определен данок го има тоа значење и, кога ќе најде дека има, таквиот данок и да го уреди.

Тргнувајќи од сфаќањето дека наведените одредби на Уставот на СФРЈ имаат такво значење, Уставниот суд на Југославија, оцени дека федерацијата, уредувајќи ги основите на даночниот систем, што се од значење на функционирање на единствениот југословенски пазар, можеше да утврди дека данокот на личните доходи на работниците е од значење за функционирање на единствениот југословенски пазар и да ги уреди единствените основи на тој данок, и дека, затоа, оспорените одредби од наведениот закон се согласни со Уставот на СФРЈ.

5. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 став 1 точка 1 од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 9 јули 1990 година, донесе

Одлука

Се одбива предлогот на Собранието на СР Словенија да се утврди дека одредбите на член 2 став 1 точка 3, член 7 и член 8 од Законот за привремени мерки за основите на даночниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 85/89) се несогласни со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука Уставниот суд ја донесе во состав: претседател на Судот Милован Бузаџиќ и членовите на Судот: Хрвое Бачиќ, Божидар Булатовиќ, м-р Крсте Чаловски, д-р Омер Ибрахимагиќ, д-р Бранислав Ивановиќ, Пјетер Кољა, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник, Душан Ружиќ и Милосав Стијовиќ.

ІУ-број 10/1-90
9 јули 1990 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Милован Бузаџиќ**, с. р.

---

**По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Одлуката за измена на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 59/90 се поткраднала долунаведената грешка, та се дава**

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

**Во точка 1 одредба под 3, во Табелата, во тарифната ознака 8471.91 во колона 7 наместо ознаката „КВ" треба да стои ознаката: „Кв".**

**Од „Службен лист на СФРЈ", 19 октомври 1990 година, Белград.**

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПОЛСКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

I

Се отповикува

Пухариќ Бранко од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Полска.

II

Се назначува

Аговиќ Мурат, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Полска.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 26
25 септември 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЗИМБАБВЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЗИМБАБВЕ

I

Се отповикува
Литвиновиќ Душан од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Зимбабве.

II

Се назначува
Кораќ Љубиша, досегашен Генерален секретар на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Зимбабве.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 27
26 септември 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МОЗАМБИК И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МОЗАМБИК

I

Се отповикува
Мојсов Андон од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Мозамбик.

II

Се назначува
Лекиќ Миодраг, досегашен претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и наука, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Мозамбик.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 28
2 септември 1990 година
Белград

Претседател на
Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Борисав Јовиќ**, с. р.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува м-р Сава Николиќ од должноста помошник на сојузниот секретар за внатрешни работи со 31 декември 1990 година.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1112
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОЈУЗЕН СОВЕТНИК ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува м-р Томе Кузмановски од должноста на сојузен советник на Сојузниот извршен совет со 31 декември 1990 година поради исполнување на условите за заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1113
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗЕН ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ

Се разрешува Воислав Луковиќ од должноста советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за меѓународни односи со 31 декември 1990 година, поради заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1114
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ШЕФ НА ПРОТОКОЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува Миодраг Васиќ од должноста шеф на Протоколот на Сојузниот извршен совет на 31 декември 1990 година поради исполнување на условите за заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1115
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОЈУЗЕН СОВЕТНИК ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува Борис Стефановски од должноста на сојузен советник во Сојузниот извршен совет на 31 декември 1990 година поради исполнување на условите за заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1116
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА СТОПАНСКИ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

Се разрешува Славица Бакрач од должноста советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика на 31 декември 1990 година поради исполнување на условите за заминување во пензија.

На именуваната и престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1117
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 и член 390 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88, 18/89, 40/89, 72/89 и 42/90), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ НА СОЛИДАРНОСТА СО НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ И СО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

Се разрешува Саво Лакиќ од должноста директор на Фондот на солидарноста со неврзаните земји со земјите во развој на 31 декември 1990 година поради исполнување на условите за заминување во пензија.

На именуваниот му престанува работниот однос на 31 декември 1990 година.

**Сојузен извршен совет**

С. п. п. бр. 1118
27 септември 1990 година
Белград

Претседател,
**Анте Марковиќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува

– за заслуги во развивањето ни зацврстувањето на мирољубива соработка и пријателски односи меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Венецуела да се

одликува

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Д-р Герман Лаирет Урхеллес – извонреден и ополномоштен амбасадор на Република Венецуела во СФР Југославија.

Бр. 77
13 октомври 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
д-р **Јанез Дрновшек**, с. р.

# СОДРЖИНА:

Страна

935. Одлука за прогласување и објавување на составот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — 1849
936. Закон за привремени мерки за измени и дополненија на Законот на Народната банка на Југославија и за единственото моентарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини — — — — 1849
937. Закон за привремена мерка за предвремена отплата на обврските по комерцијалните кредити спрема СССР што втасале во 1989 година и што втасуват во наредните години — — — — 1850
938. Закон за привремена мерка за измени на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1990 година — — — — — — — — — — — — — — — — 1851
939. Закон за привремени мерки за заедничката девизна политика и Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1990 година — — — — 1851
940. Закон за привремена мерка за измени на Законот за обезбедување средства на основачкиот влог на федерацијата во Југословенската банка за меѓународна економска соработка — — — 1855
941. Закон за привремени мерки за регрес на дел од каматата на кредитите што се користат за определени намени во земјоделството — — — — 1855
942. Закон за привремена мерка за дополнение на Одлуката за утврдување на височината на регресот за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1990 година — — — — — — — — — — — — — — — 1856
943. Закон за привремени мерки за измена на Одлуката за претсметката на расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1990 година — — — — — — — — — — — — — — — — 1857
944. Закон за привремени мерки за измени и дополненија на Одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничкие основи на кредитната политика во 1990 година — — — — — — — — — — — — — — — — — 1857
945. Закон за измени и дополненија на Законот за сметководството — — — — — — — — — — — — — 1858
946. Закон за дополнение на Законот за финансиското работење — — — — — — — — — — — — — — — 1858
947. Закон за измени и дополненија на Законот за претпријатијата — — — — — — — — — — — — — 1858
948. Закон за супергаранција на федерацијата за обврските на Белградска банка а.д. Белград, како гарант по VII заем од Европската инвестициона банка за делумно финансирање на изградбата на делницата на Автопатот на „Братството и единството" Добановци - Бубањ Поток — — 1859
949. Измени и дополненије на Буџетот на федерацијата за 1990 година — — — — — — — — — — 1860

Страна

950. Одлука за измена на Одлуката за распоредување на средствата за финансирање на Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година утврдени во Буџетот на федерацијата за 1990 година — — — — — — — — — — — — 1866
951. Уредба за намалување на стапката на основниот данок на промет на определени теписи — — 1868
952. Одлука за доделување на средства за третото тримесечје на 1990 година за финансирање на социјалните програми на републиките и на автономните покраини за заштита на социјално загрозеното население — — — — — — — — — — 1868
953. Одлука за утврдување на основицата и стапката на членскиот придонес и начинот и роковите на плаќањето на придонесот на Стопанската комора на Југославија — — — — — — — — — 1868
954. Правилник за дополнение на Правилникот за просториите, техничката опрема и начинот на вршењето на преглед на воздухоплови, патници и предмети на воздухопловно пристаниште 1868
955. Наредба за измена на Наредбата за височината на надоместот за проверка на стручната способност на воздухопловниот персонал — — — 1869
956. Наредба за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени — — 1869
957. Правилник за југословенските стандарди за нафтени производи и јагленородни растворувачи 1873
958. Правилник за југословенските стандарди за електрични апарати за домаќинство — — — — 1873
959. Правилник за југословенските стандарди за нисконапонски склопни блокови — — — — — 1874
960. Показатели за месечниот растеж на исплатениот чист личен доход по работник во стопанството на републиката, односно на автономната покраина во однос на периодот декември 1989 - мај 1990 година и износот на просечниот месечен чист личен доход по работник исплатен за периодот јуни - август 1990 година — — 1874
961. Одлука за условите и постапката за отпис на побарувањата — — — — — — — — — — — — — — 1874
962. Одлука за измени на Деловникот на Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници — — — — — — — — — 1875
963. Деловник за измени на Деловникот на Уставниот суд на Југославија — — — — — — — — — — 1875

Одлука за оценување на уставноста на одредбите на член 2 став 1 точка 3, член 7 и член 8 од Законот за привремени мерки за основите на даночниот систем — — — — — — — — — — — — — — — — 1876

Исправка на Одлуката за измени за Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот — — — — — — — — — — — — — — — — 1876

Укази — — — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1876

Назначувања и разрешувања — — — — — — — — — — 1877

Одликувања — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1877

НОВО! НОВО! НОВО!

# КАТАЛОГ
## НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА 1990 ГОДИНА

во заедничко издание на Сојузниот завод за стандардизација и Службен лист на СФРЈ

ЈУС КАТАЛОГОТ содржи:
- преглед на важечките југословенски стандарди донесени до 31 декември 1989 година, распоредени по гранки и главни групи на стандардизацијата (со ознака и назив на стандардот, година на издавањето и број на страната);
- преглед на стандардите ставени вон сила и заменетите стандарди во времето од 31 октомври 1988 година до 31 декември 1989 година;
- преглед на збирките стандарди, прирачници и други публикации од областа на стандардизацијата;
- преглед на важечките прописи што ги донесува директорот на Сојузниот завод за стандардизација (од 1975 година);
- упатство за користење на предметниот регистар;
- предметен регистар на југословенските стандарди;

Оваа е единствена и незаменлива публикација од овој вид во нашата земја неопходна на сите претпријатија чии производи подлежат на стандардизација и на оние што ја контролираат примената на ЈУС стандардите.

Резервирајте го својот примерок бидејќи тиражот е ограничен.

**Цената на ЈУС КАТАЛОГОТ изнесува 650 дин.**

**Порачките да се праќаат на извршниот издавач на адреса: НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1, Поштенски фах 226, тетефони 651–990 и 651–840, телекс 11756, телефакс 651–482.**

✂ — — — — — — — — — — — — — — — — —

НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ
11000 Београд, Ј. Ристиќа 1

## ПОРАЧКА

Со ова неотповикливо порачуваме:

**640011 ЈУС КАТАЛОГ** ................................ ______ парч.

Плаќање на сметката во законскиот рок. Физички лица по преземање
Во случај на спор надлежен е соодветниот суд во Белград.

Порачувач: ____________________

______________________ ☐☐☐☐☐ ______________

______________________ Ул. ______________ Бр. ______
/број на жиро-сметка/

/М.П./

Во ______________, 19 ____ ______________________
/читлив потпис на порачувачот/

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВОИСЛАВ СОЛДАТОВИЌ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Белградски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.